ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ | ЗНАЧЕЊЕТО НА ФИЗИЧКАТА СИЛА | АВИОН „TUPOLEV TU-95“ | НОСАЧ ЗА ПОВРЕДЕНИ

# ШТИТ

Број 129
Јули 2020
ISSN 1857-6710

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

## Сите припадници на Армијата добија нови униформи





# Сите припадници на добија нови уни

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска ја посети касарната „Илинден“ за да им се заблагодари на припадниците на Армијата за ангажманот во периодот на вонредната состојба и за нивната помош во кризата со вирусот COVID-19, а воедно да присуствува и на промоцијата на новите армиски униформи.
„Најмногу ме радува и ми причинува големо задоволство што денес сите ја носите новата униформа. Тоа значи дека здравствената криза која го зафати нашето  општество не ги намали инвестициите во одбраната. Моите секојдневни заложби, и покрај вонредната состојба, беа да се реализира набавката на новите униформи. И, тие се веќе наша реалност, токму како што доликува на припадниците на армија-членка на НАТО“, порача министерката за одбрана Радмила Шекеринска во своето обраќање пред припадниците на Армијата во касарната „Илинден“ во Скопје. Таа, во своето обраќање пред припадниците, потсети дека сѐ што ветила веќе е остварено. Сите припадници имаат повисоки плати, добиваат по 7000 денари за станарина, односно платата и приходите на припадниците на



# Армијата
# форми

Армијата се зголемени помеѓу 50 и 60 проценти. Таа посочи и на набавката на нови инженериски машини, на тоа дека се нарачани нови оклопни возила и дека сите ја добија ветената нова униформа.  Зборувајќи за улогата  во кризата со вирусот, министерката изрази благодарност  до Армијата за посветеноста и за довербата што ја ужива меѓу граѓаните. „Како никогаш досега Армијата беше блиска и сплотена со својот народ. Затоа не ме изненадија истражувањата на јавното мислење кои покажаа дека Армијата е меѓу институциите во кои граѓаните имаат највисока доверба од државните институции. Армијата е на самиот врв. Довербата ја примивме како награда за вашите дела. Ви честитам и ви благодарам што ни ја донесовте оваа висока почест“, рече министерката Шекеринска.







# содржина

ШТИТ ■ година XII ■ број 129 ■ јули 2020


Инфо 5

НАТО активности
**Јавно информирање** 6

ПзМ армии
**Армиите на земјите на „Партнерството за мир“ Финска** 8

На прва линија
**Лажните вести – реална закана за демократските држави** 12

Глобал
**Новиот СТАРТ и новата трка по нуклеарно вооружување** 16

Едукација
**Значењето на физичката сила** 20

Вооружување
**Транспортен хеликоптер „Ми-38“** 32

Вооружување
**Авион „Tupolev Tu-95“** 34

Вооружување
**„Sherpa“ – лесно возило за специјални сили (Light Special Forces Vehicle)** 36

Опрема
**Носач за повредени Алатка за лесно извлекување на повредени** 38

Глобал
**Како да се справиме со анаксиозноста за време на пандемијата** 48

Незадолжително
**Бункерот како можност да се преживее COVID-19** 52

Филм
**„Сметководителот од Аушвиц“** 56

# Транспарентност и доверба

Транспарентноста во работата на институциите, отвореноста и комуникацијата со јавноста, се од круцијално значење за развој на демократските вредности во современите општества. Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, водено од овие императиви, во последните неколку година навистина се стремеше да биде транспарентно и целосно отворено кон јавноста. Доказ за овие заложби е најновиот извештај на Центарот за граѓански комуникации – „Индекс на активна транспарентност 2020“, каде Министерството за одбрана за прв пат е лидер помеѓу сите институции на централно и на локално ниво во активна транспарентност, што е позитивен скок за речиси четириесет места. Ова е валоризација и потврда за одговорноста на Министерството – да биде отворено за јавноста и за граѓаните. Министерката за одбрана, по повод овој успех, упати честитка до сите вработени кои доследно се придржуваа до одредбите на донесениот Правилник за транспарентност во работењето, со кој се гарантира дека јавниот интерес и достапноста на информациите се приоритет во работењето и за достапноста на информациите до јавноста. Таа ги пофали сите вработени за посветеноста и агилноста во секој момент да бидат достапни и отворени за јавноста.

А, освен највисока активна транспарентност, Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија со години наназад ја имаат и најголемата доверба кај народот. Македонскиот народ ја сака својата армија и целосно им верува на припадниците, дека секогаш се подготвени да помогнат кога тоа е потребно.

Во изминатите броеви пишувавме за активностите и за професионалниот ангажман на припадниците на Армијата во поддршка на полицијата за справување со пандемијата со Ковид-19, пишуваме и за тековните активности за изградба на патот кон армискиот полигон „Криволак“, од кој ќе има придобивки и локалното население, за доброволните крводарителни акции, за помошта при санирањето на последиците од природни непогоди и за уште многу други активности преземени од припадниците на Армијата, со цел да се помогне таму каде што е потребно.

Кон средината на изминатиот месец, министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, во придружба на генералот Павле Арсоски, командант на Командата за операции, генералот Зоран Милески, директор на Генералштабот и градоначалникот на општината Ресен, Живко Гошаревски, ги посети припадниците на Армијата кои помагаа во санирањето на последиците од невремето во реонот на Долна Преспа, селото Брајчино и околината. Таму, припадниците на Армијата, заедно со екипи на „Национални шуми“ и на АД ЕВН ги санираа последиците од невремето и ја отстранија опасноста што можеше да им ја причини браната, создадена од скршени дрвја долж реката, на овие населени места.

За време на посетата, министерката за одбрана истакна: „Нашата армија не е тука само кога се работи за вонредни состојби, туку ја нуди својата поддршка и ја дава поддршката и во време на секаков вид кризи, но и при справување со реални проблеми со коишто се соочуваат државните и локалните власти. И, токму затоа, Армијата ужива најголема доверба кај граѓаните“.




ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат
еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)

Печати:
„СТУДИО НАМПРИНТ“
ДООЕЛ Скопје

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.



# Министерски состанок на Северноатлантскиот совет

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, учествуваше на Министерскиот состанок на Северноатлантскиот совет, кој беше посветен на донесување нов оперативен план за справување со пандемијата „Ковид-19“. На состанокот беше донесена одлука за создавање на заеднички фонд кој ќе ги покрие итните потреби на земјите членки, како и креирање на резерви од медицинска опрема. „Сите 30 сојузници на НАТО сме соочени со истиот проблем, а тоа е пандемија која веќе има глобални размери, и затоа најдобриот и најефикасниот начин е да имаме единствен став, координиран одговор, да бидеме солидарни во помошта, но и брзи во реакцијата“, рече министерката Шекеринска во изјавата за медиумите. Таа појасни дека заедничкиот фонд ќе се користи за набавка и обезбедување на медицинска опрема, за транспорт на опремата, на пациентите и на здравствените работници, додека резервите ќе се креираат преку набавките од овој фонд, но и од донации од земјите членки. Министерката посочи дека НАТО и досега одигра важна улога



во поддршката на земјите членки, но и земјите партнери во справување со вирусот, преку транспорт на критична медицинска опрема, како и подигнување на речиси 100 полски болници. Овој ангажман, рече министерката, на многу начини беше сличен на ангажманот на нашата армија, во поглед на поддршка на цивилните институции, но и во поглед на искористување на капацитетите на мобилната болница. „Ако некој имал дилеми за тоа што точно значи да бидеме дел од Алијансата, ќе кажам дека тоа значи да учествуваме во одлуки, но и да ги користиме придобивките на вака организираната акција и солидарност. Тоа значи дека не сме сами и дека не сме мали, туку дека сме дел од навистина најмоќната воено-политичка алијанса. Дека сме дел од поголемо семејство кое се поддржува и се помага секогаш кога таа помош е потребна“, рече министерката Шекеринска. На Состаникот на министрите се приклучија и високиот претставник на ЕУ, Жосеп Борело и министрите за одбрана на Шведска, на Финска и на Австралија.

# АП „Криволак“ ќе биде најдобриот полигон за вежби на НАТО во Европа

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска и НГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, заедно со шефот на Канцеларијата за одбранбена соработка при Амбасадата на САД, потполковник Ден Маједа, извршија увид во градежните активности на полигонот „Криволак“, каде Инженерискиот баталјон на Армијата ја реконструира патната инфраструктура и пробива нови патишта. „Воениот полигон Криволак е одличен ресурс за нашата Армија, меѓутоа воениот полигон Криволак ќе стане одличен ресурс и за НАТО Алијансата. Со инвестициите што веќе ги правиме, со модернизацијата којашто ја планираме и со свои сили и со поддршка на американската армија, убедена сум дека армискиот полигон Криволак ќе биде најдобриот полигон за вежби на НАТО на европскиот континент“, истакна министерката Шекеринска и додаде дека овој полигон за вежби претставува одговор за тоа што, всушност, нашата земја може да ѝ понуди на НАТО алијансата. Министерката Шекеринска рече дека инвестициите направени во Армијата изминатиов период, особено инвестициите во Инженерискиот баталјон, се видливи на дело. Таа го истакна значењето на инженериските единици кои со сопствени сили ја градат инфраструктура на Криволак. „Со оваа инфраструктурата се зголемува мобилноста во рамките на полигонот, како и капацитетот за



изведување вежби коишто ќе бидат во ранг кој другите земји немаат можност да си го дозволат. Јас очекувам дека ова ќе биде ресурс за нашата армија, ќе биде ресурс за НАТО, но ќе биде ресурс и за локален развој, бидејќи со можноста за изведување на големи вежби, овде ќе имаме и поголема потрошувачка и поголем интерес од страна на повеќе НАТО армии“, истакна министерката, воедно честитајќи им на припадниците на инженерските единици кои со новата механизација бргу ги реализираат задачите. Колку модернизацијата ги зголемува капацитетите на армискиот полигон „Криволак“ ќе може да се види следната година, кога во нашата земја ќе се реализира еден дел од најголемата вежба во Европа, „Дефендер “, со учество на сојузнички армии – рече министерката Шекеринска. Командантот на Инженерискиот баталјон, потполковник Томе Пеев, рече дека Инженерискиот баталјон веќе 30 дена работи на изработување на нова и на реконструкција на постоечката инфраструктура на АП „Криволак“, со цел да се обезбеди систем обиколница околу периметарот на границата на АП Криволак и внатрешно поврзување со вкупна должина од 75 километри.

# Создавање НАТО мрежа за летачка обука во Европа

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, заедно со уште 10 министри за одбрана од земјите членки на Алијансата потпишаа Писмо за намери, со што ја лансираа мултинационалната иницијатива за создавање на НАТО структура за летачка обука во Европа. Оваа иницијатива ќе овозможи воспоставување мрежа на центри за обука на пилоти кои ќе ги исполнат потребите на повеќе европски сојузници за обука на пилоти, кои самите не развиваат ваков вид на капацитети. Оваа мрежа ќе влијае на уште поголема интероперабилност помеѓу сојузниците, ќе ги намали трошоците за обука на пилотите и е вистински пример за



концептот за споделување на товарот помеѓу земјите членки на НАТО. Република Северна Македонија во оваа инцијатива го вклучува Центарот за обука на пилоти, кој ги вклучува и двата модернизирани симулатори за хеликоптерите „Ми-17“ и „Ми-243. Министрите за одбрана на: Бугарија, Хрватска, Чешка, Грција, Унгарија, Црна Гора, Португалија, Романија, Шпанија, Турција и министерката Шекеринска, Писмото за намери го потпишаа виртуелно, веднаш по завршувањето на Министерскиот состанок на НАТО.



# Јавно информирање

Земјите основачи на НАТО ја разбрале важноста од информирање со цел создавање соодветно јавно мислење. На 18 мај 1950 година, Северноатлантскиот совет ја издал резолуцијата со која се обврзал „да ги промовира и да ги координира јавните информации за унапредување на целите на договорот...“

Објаснувањето на националната одбранбена и безбедносна политика и улогата на секоја земја членка во рамките на Алијансата останува индивидуална одговорност на владите на земјите членки. Ова е од особена важност за јавното разбирање и за поддршка од граѓаните за безбедносната политика на нивните држави. Изборот на методите кои ќе бидат применети и ресурсите кои ќе се наменат за информирање на јавноста за политиката и плановите на НАТО варираат од земја до земја и претставува прашање за кое секоја членка самостојно решава.

Улогата на информативните служби при НАТО е да ги одржуваат секојдневните односи на НАТО со јавните гласила и медиуми и да одговорат на заинтересираноста на земјите кои не се членки во Алијансата. Ова особено беше истакнато за време на улогата на НАТО во Босна и Херцеговина и на Косово, со цел да се објасни улогата на НАТО во ставањето на крај на конфликтите во поранешна Југославија и создавањето на услови за стабилност во регионот.

Од друга страна, активностите на Канцеларијата за информации и на Центарот за документација беа прекинати кога Русија ја прекина соработката со НАТО по воената акција на Алијансата, со цел да се стави крај на кризата во Косово. Во февруари 2001 година, генералниот секретар на НАТО повторно ја посети Москва и официјално ја инаугурираше Канцеларијата за информации на НАТО лоцирана во центарот на градот.

Со отворањето на вратите на Алијансата за нови членки, посебно

со процесот на проширување со три нови земји членки, предизвикот за информирање беше значително зголемен. Владите во Полска, во Унгарија и во Чешка имале потреба на својата јавност да ѝ ги објаснат импликациите од членувањето во НАТО. Претходно, во сите овие земји, знаењата за НАТО за цивилно-воените односи и за процесите на донесување одлуки во Алијансата беа лимитирани. Постоеше негативно јавно мислење за НАТО, а поради недостигот на веродостојни информации постоеше негативно влијание за овој процес.

## Организации и агенции

Покрај НАТО, многу други организации и агенции играат важна улога во обезбедувањето на пристап до информации за теми кои се однесуваат на Алијансата, во дистрибуција на пишаните материјали, искористувајќи ги предностите на електронската комуникација преку интернет. Листата на овие дополнителни тела е долга и опфаќа национални и мултинационални организации. Особено треба да се истакнат следните:

- амбасадите на земјите членки на НАТО, кои ротираат како контакт амбасади во главните градови на земјите партнери;
- националните парламенти и Северноатлантското парламентарно собрание;
- канцелариите за јавно информирање на воените команди на Алијансата лоцирани во различни земји членки;

центрите за образование и обука на Алијансата, како што се Колеџот за одбрана на НАТО во Рим, Школото на НАТО во Оберамергау, независните институции како Маршаловиот центар и националните одбранбени институции и колеџи;
бројните агенции и организации на НАТО лоцирани надвор од седиштето на НАТО во Брисел, кои сочинуваат важен дел од идентитетот на Алијансата и претставуваат дополнителни места за контакти и извори на информациите.
Канцелариите и агенциите на НАТО се соочуваат и со обемната програма за посети, носејќи во седиштето на Алијансата околу илјадници луѓе годишно, заради разни брифинзи и разговори со експерти од меѓународниот персонал на НАТО, меѓународниот воен персонал и националните делегации од сите аспекти од работата и политиката на Алијансата.
Главните настани во Алијансата, како што се самитите, можат да привлечат илјадници новинари во седиштето на НАТО за кои треба посебна организација. Слична организација постои и на поголемите настани кои се случуваат надвор од седиштето, како на пример за време на министерски состаноци или самити. Понатаму, постојат голем број публикации со широк опсег, од збирки на официјални текстови и декларации од Алијансата до периодични и непериодични публикации со кои се придонесува за информирање на јавноста преку јавни дебати за безбедносната политика.
Официјалните текстови издадени од Алијансата, обично во форма на соопштенија и изјави, се формално договорени документи со кои се изразува усогласената заедничка политичка ориентација на земјите членки за конкретни прашања. Тие ја сочинуваат јавната архива на Алијансата. Сите овие текстови се издаваат на двата официјални јазици на Алијансата, а многу често и на други јазици.
Интересот на јавноста за политиката на НАТО и пристапот до информациите за оваа област се манифестира директно низ јавните гласила и телевизиски извештаи дадени од НАТО за развојот и случувањата во Алијансата. Кратките извештаи за печатот и интервјуата со високи функционери, дополнителните податоци, пристапот до фотографии, звучните и видеозаписи, како и електронскиот сервис за пренос, формираат дел од аранжманите кои се направени за да се одговори на потребите на светските медиуми.

Драган Павловски







# Армиите на земјите на „Партнерството за мир“

# Финска

Финска е една од најсеверните земји во светот. Речиси две третини од нејзината територија е покриена со густа шума, што ја прави најгусто пошумена земја во Европа. Таа е повеќепартиска република со парламент како законодавен дом, распространета на околу 391.000км2 и во неа живеат нешто повеќе од 5,5 милиони жители. Финска во меѓународните активности стана попозната во 1975 г. со Конференцијата за безбедност и соработка во Европа и потпишувањето на Хелсиншкиот договор. Со другите скандинавски земји гради особено блиски врски заради законодавните и политичките сличности меѓу земјите. Соработката е особено интензивна во слободното движење без граници, пазарот на трудот, учество во разни економски, културни и научни проекти и одбраната. Членка на ЕУ е од 1995 година.

## Финските вооружени сили

ВС на Финска се состојат од копнена војска, воено воздухопловство и воена морнарица. Во состав на копнената војска се: Здружената команда, со персонал од околу 300 воени и цивилни лица, составена од: Извршна канцеларија, Оддел за операции, Оддел за персонал, Одделение за разузнавање, Оддел за логистика, Оддел за планови и политика, Оддел за Командување и контрола. Единиците со ранг бригада се на територијален принцип и секоја од нив има одредена зона на одговорност. Тие се со различни органски состави, зависно од мисиите и задачите кои ги извршува,







и секоја од нив во својот состав има капацитети за специјалистичка обука на војници за одреден род. Задачи кои ги извршуваат бригадите се: одбрана на одредени објекти и зони, одржување на борбената обука, обука на регрути, поддршка на цивилните структури и други доделени задачи. Во рамките на бригадите се: бригадата „Karelia“ со персонал од околу 600 (од кои 200 се цивилни лица) и со околу 4.000 регрути годишно на обука, е најбројна од сите. Спроведува инженериска обука, особено во уништување на неексплодирани направи. Составена е од: команда, пешадиски баталјон, артилериски баталјон, баталјон, ПВО, инженериски баталјон, баталјон за врски, логистички баталјон и регионална команда;бригадата „Jaeger“ се состои од: команда, пешадиски арктички баталјон (составен од 3 пешадиски чети, чета за поддршка и логистичка чета), баталјон за ПВО (составен од 2 батерии ПВО и чета за поддршка на авиобазата), регионална команда и воен оркестар, и во нејзиниот состав се околу 400 лица активен персонал. Бригадата е специјализирана за обука во екстремни зимски услови (арктичка обука), обука на копнени системи за противвоздушна одбрана (ракетен систем „земја-воздух 90M Crotale“ и противавионски топ 23ITK61) и обука на граничната единица. Надлежна е и за истражувања во областа на арктичко војување и развој на обуката на единици во арктички услови. Годишно низ обука во бригадата поминуваат околу 2.200 регрути и војници на доброволно служење на воениот рок (меѓу нив голем број и жени); бригадата „Kainuu“ има активен персонал од околу 500 лица се состои од: команда, 5 баталјони и 3 регионални команди. Таа спроведува обука за родовите пешадија, артилерија, врски, инженерија и логистика. Обучува 4.000 војници годишно;бригада „Pori“ обучува околу 4.000 регрути годишно, а во нејзин состав се околу 670 активни воени и цивилни лица; Оклопна бригада, во чиј состав се околу 650 активен персонал, и околу 2.600  и 3.000 резервен персонал на обука годишно. Се состои од оклопен баталјон, артилериски полк, полк ПВО, логистички баталјон и центар за обука за електронско војување. Организира и спроведува обука за единици за копнена ПВО, единици за специјални намени и единици за електронско војување.

Финска активно учествува во мировни операции предводени од НАТО и развива активна соработка во многу други области. Приоритет во заедничките активности е даден на развојот на интероперабилни способности на финските ВС за заедничко делување со единиците на НАТО и на партнерите, во мултинационалните операции за поддршка на мирот

Во рамките на копнената војска  се и Полк за специјални операции. Во состав на полкот се околу 400 активни воени лица и 220 регрути. Во својот состав има хеликоптери за тактички транспорт „NH90“ и лесни хеликоптери „MD500“. Полкот е составен од: команда, баталјон за специјални намени, хеликоптерски баталјон, чета за поддршка и логистички центар;





Гардискиот полк, со активен персонал од околу 400, се состои од: команда, гардиски баталјон, пешадиски баталјон, спортски центар, гардиски оркестар и регионална команда. Годишно обучува околу 1.600 регрути и 1.600 резервисти. Специјализиран е за обука во борба во населени места; Командата за логистичка поддршка, во чиј состав се околу 2.200 вработени, е одговорна за оперативните можности на борбените единици, набавка на потребното материјално обезбедување и здравствена заштита на припадниците на ВС, на сопствена територија или во меѓународни мисии. Во рамките на Командата, логистичка поддршка на единиците вршат 3 логистички баталјони. Воената академија оспособува персонал за потребите на копнената војска. Спроведува обуки за офицери, подофицери и војници. Во неа се вработени околу 600 воен и цивилен персонал. Се состои од Центар за обука, Школа за резервни офицери и Воен истражувачки центар.

Воената обврска во Финска е задолжителна за сите мажи на возраст од 18 до 60 години. Жени можат да аплицираат само за доброволно служење на воен рок. Регрутите служат во сите три рода на армијата, а овозможено е и служење на воениот рок во цивилни установи. Воениот рок трае 5, 8 или 11 месеци, зависно од единицата и родот во кој служат

Воената морнарица базира во 4 морнарички бази. Во нејзин состав се околу 1.400 активен воен и цивилен персонал и околу 3.200 регрути.
Во состав на воената морнарица се: Крајбрежна флота составена од: команда, минопребарувачки сквадрон (со минопребарувачка, единица за подводно деминирање и нуркачка единица), борбен сквадрон (минополагачка единица, ракетни системи и противподморнички капацитети), и единица за морнаричко логистичко обезбедување и транспорт; Крајбрежна бригада составена од: команда, пешадиски полк, пешадиски баталјон и извидувачки баталјон. Во нејзин состав се околу 200 активен воен и цивилен персонал и 1.500 регрути; Морнаричка воена академија, која спроведува обука на околу 350 питомци, активен персонал и резервен состав годишно.
Финското воено воздухопловство се состои од: команда, 3 воздухопловни винга и Воздухопловна воена академија. Воздухопловната ескадрила се состои од повеќенаменски ловци „Boeing F/A-18C“ и „F/A-18D Hornet“ и извидувачки „Learjet 35A/S twinjet“. Во состав на воздухопловните бази се и школски авиони: „Valmet L-70 Vinka“ и „Grob G115E“ за основна и „Hawk 51, 51A“, и „66“, за напредна обука. За воздухопловен тактички транспорт се користи „Airbus CASA C295M“ и „Pilatus PC-12“.
Регрутниот систем ѝ овозможува



на финската армија непречено пополнување на резервниот состав, повикувајќи ги резервистите на редовни, периодични воени обуки. Регрутирањето е обврска на регионалните команди во состав на единиците на копнената војска. Особено внимание е посветено и на реализација на програмата „HX Fighter“ и проектот „Squadron 2020“, најобемни и финансиски „најтешки“ проекти во областа на одбраната.
Во 2020 г. „Hornet“ повеќенаменските ловци од составот на военото воздухопловство, и неколку бродови од составот на воената морнарица, се планирани за ставање вон употреба истовремено. Ловците „Hornet“ се во состав на финските ВС од 1995 и 2000 г. било планирано истите да бидат со искористени ресурси после 30 години. Со програмата „HX Fighter“ би се подобриле способностите на на финските ВС со набавка на нови повеќенаменски ловци, почнувајќи од 2025г. а предвидено е

Припадниците на ВС на Финска учествуваат во мировни и операции за справување со кризи од 1956г., и до сега земале учество во преку 30 такви мисии, предводени од ОН, НАТО, ЕУ и коалиции. Во нив земаат учество подеднакво, активен и резервен воен персонал. Во моментов, тие се распоредени во: мисиите „Resolute support“ (Авганистан), UNIFIL (Либан), KFOR (Косово), OIR и NMI (Ирак), EUTM Mali и MINUSMA (Мали), EUTM Somalia (Сомалија), EUNAVFOR MED (Медитеран) и UNTSO (Среден Исток).

заеднички активности, со цел зачувување на безбедноста на Балтичкиот регион. Учествуваат заеднички и во НАТО силите за одговор (NRF), а имаат потпишано и Меморандум за разбирање за поддршка во улога на земја домаќин (HNS), овозможувајќи логистичка поддршка на сојузнички сили кои се наоѓаат или транзитираат низ нивната територија за време на вежби или во кризни ситуации. Учествува и во две стратешки воздухопловни иницијативи: „Strategic Airlift Capability (SAC) programme“ и во „Strategic Airlift International Solution (SALIS)“. Финска и НАТО во 2017 г. имаат потпишано и политички рамковен договор за соработка во областа на кибернетичката (cyber) одбрана. Свој придонес дава и на работата на Центарот за совршенство во областа на cyber-одбраната на НАТО, во вежбите за cyber-одбрана и други проекти од проектот „Smart Defence", поврзани со кибернетичката безбедност.




програмата да заврши до 2030г. Целта на „Squadron 2020“ е замена на седум бродови на морнарицата со набавка на 4 модерни корвети во период од 2023 до 2025година.

## Финска и НАТО

Финска активно учествува во мировни операции предводени од НАТО и развива активна соработка во многу други области. Приоритет во заедничките активности е даден на развојот на интероперабилни способности на финските ВС за заедничко делување со единиците на НАТО и на партнерите, во мултинационалните операции за поддршка на мирот. Соработката на заеднички проекти започнала со приклучување кон програмата Партнерство за мир (ПзМ) во 1994 г. и на Евроатлантскиот партнерски совет во 1997 година. Учествува во Процесот на планирање и ревизија (PARP) и Концептот за оперативни способности (OCC). Во НАТО и ПзМ вежби учествува со пешадиски, инженерски, поморски и воздухопловни единици, потенцијално достапни и за операции. Во рамките на НАТО Комитетот за планирање во случај на вонредни состојби, соработува со НАТО земјите на регионални безбедносни проценки, заштита на критичната инфраструктура и взаемна поддршка во справувањето со последиците од природни катастрофи и други несреќи. Заедничката соработка на финската армија со шведските ВС вклучува редовен политички дијалог и консултации, размена на безбедносни информации; координирање на обуки и вежби и Финска редовно зема учество и во борбените групи на ЕУ (EUBG) и соработува и со други земји со цел развој мултинационални сили за брза реакција, наменети за операции за поддршка на мирот предводени од ЕУ. Учествува и во формирањето на мултинационална здружена команда во Германија, систем за заштита на пристаништата, како и на распоредлив систем за следење на хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни (CBRN) агенси. Во 2017 г. го промовирала Хелсиншкиот европски центар на совршенство за борба против хибридни закани. Центарот е поддржан и од НАТО и од ЕУ. Од 2001 г., за обука на воен и на цивилен персонал во менаџирање со кризи, на располагање е и ПзМ меѓународниот центар за обука – FINCENT.

М.С.




# Лажните вести –
## реална закана за демократските држави

Терминот „лажни вести“ е современ термин кој се смета за закана по демократијата. Лажните вести можат да постојат во многу различни форми, да бидат од различни автори и предизвикани од различни мотиви како, на пример: комерцијални скандалозни содржини; вести кои немаат идеолошка позадина, а нивна главна цел е да го стимулираат веб-сообраќајот и да генерираат приходи од рекламирање; дезинформации спонзорирани од држава, чија цел не е приход туку влијание; герилски страници за вести кои можат да комбинираат факти и мислења, за поддршка на одредена политичка гледна точка; социјалните медиуми преку ботови на „Твитер“ кои објавуваат лажни слики, реклами на „Фејсбук спонзорирани од разни разузнавачки тимови, видеа на „Јутјуб“ на кои се тврди дека одредени терористички напади се измами; веб-страници со сатира или пародија кои постојат многу пред лажните вести да се сметаат за закана и така натаму. Ова се некои од дефинициите и мотивите кои навистина го отежнуваат ефикасното справување со лажните вести. Идентификувани се речиси 2800 лажни веб-страници коишто вршат модифицирање на оригинални документи и ги дистрибуираат како дел од одредена кампања за пласирање на дезинформации. Ова е направено со промена на една буква во веб-адресата за создавање на лажен „клон“ на вистинската страница за вести. Сето ова е поради лесниот пристап до евтини алатки преку кои може да се контролираат ботовите во социјалните медиуми. Овие услуги се рекламираат на “Dark Net“, каде што корисниците тешко

> Живееме во ера на лажни вести во која сајбер-криминалците овој феномен го претвораат во профитабилен бизнис. Лажни и измислени веб-страници се креирани како вистински, а во нив се објавува и се дистрибуира невистинита содржина како дел од кампањата за дезинформации. Оваа пропаганда недвосмислено е во корелација со националната безбедност и претставува ризик по неа



можат да се идентификуваат. Но, некои отворено се рекламираат како маркетинг алатки. Лажните вести го привлекуваат вниманието на безбедносните експерти бидејќи тие се користат за дистрибуција на малициозни софтвери. Лажните вести се најновата верзија на социјален инженеринг и хакерство. Употребата на лажни вести за дистрибуирање на малициозен софтвер преку социјалните мрежи е релативно нов пристап, но откривање на малициозен софтвер и блокирачките методи се речиси исти како и нападите со „фишинг“: препознавање и пријавување на инцидент, преглед од страна на безбедносниот тим и решавање на какви било проблеми со мрежата којашто дозволила малициозен софтвер.

Европската унија, исто така, е вклучена во борбата против лажните вести. Неодамна Европската комисија објави формирање експертска група за развој на стратегија за решавање на проблемот. Овој сериозен проблем не е непознат за европските држави и евидентните мерки се преземаат од страна на релевантните служби, бидејќи лажните вести се еден од феномените коишто имаат сè поголем деструктивен потенцијал. Новите технолошки решенија и темпото со кое се зголемуваат компјутерските способности на системите, досегашните теоретски ризици и закани, ги направија реални и видливи. Пронаоѓањето на лажните вести не е лесно. Истражувањата покажуваат дека, на пример, студентите многу тешко ги разликуваат онлајн артиклите, без разлика дали се лажни или легални. „Фејсбук“ има список од корисни начини за откривање на лажни вести кои вклучуваат преглед на други извори и URL-адреси на страниците. Во ноември 2017 година, на ниво на ЕУ, за новинарите беше одржана првата меѓународна конференција за лажни вести. Тогаш беше и објавена екпертската група на ниво на ЕУ којашто ќе го анализира степенот на заканата кон ЕУ поврзана со лажните вести. И покрај фактот дека тие се нелегитимни, алармантна е стапката на лажни вести кои денес во основа ја загрозуваат благосостојбата на општеството, демократијата и медиумите воопшто. Така, треба да се направат обиди да се утврдат и да се препознаат лажните вести, како и да се пронајдат каналите преку кои се финансираат. Квалитетот на новинарското образование би можел да се подобри со акцент на градење на вештини потребни за собирање информации и разликување на потврдени факти, манипулации и пропаганда. Лажните вести ги задушуваат медиумите и општеството. Ситуацијата во однос на довербата во медиумите е навистина тешка, затоа што социјалните медиуми добиваат сè поголема релевантност во однос на професионалните медиуми, а луѓето повеќе веруваат на она што ќе го видат на „Фејсбук“ отколку на информациите што ги добиваат преку професионалните медиуми. Лажните вести и пропагандата се еден од новите главни предизвици со кои денес се соочуваат новинарите. Тоа што е вознемирувачко е ризикот од прибегнување кон прекумерно регулирање на материјата, што може да премине кон задушување на слободата на говор. Од една страна, голем предизвик е да се разликуваат фактите од полувистините, а од друга страна – заведувачките и лажни содржини. За надминување на проблемот со овој феномен потребна е транспарентност и разновидност на висококвалитетни информации и подобро разбирање на механизмите за дисеминација и за финансиските текови, а политичарите, медиумите и платформите би можеле да помогнат во решавање на проблемот во врска со ова прашање. Денес, нелегалната содржина (говорот на омраза), е веќе дефиниран. Сепак, лажните вести сè уште слободно се објавуваат и не станува збор за нивна криминализација. Слободата на изразување, како и правото на пристап до информации се неповредливи и никој нема намера да ги принудува луѓето да веруваат во одредена вест. Меѓутоа, ако против лажните вести не се преземе ништо на меѓународно ниво, постои голема веројатност дека ситуацијата на национално ниво ќе почне да се влошува.

Лажните вести, кои се пренесуваат со помош на модерната технологија, која овозможува брз и евтин пренос, се појавуваат како генератор на политички, на морални и на други ставови на поединци, но и на држави. Ширењето на лажни вести е карактеристична појава и за минатото, особено во ситуации на изразен конфликт, без разлика дали се работи за војна или за политички конфликт, за политичка кампањи или за кризен период. Тоа што порано беа весниците, радиото и телевизијата, денес тоа се онлајн медиумите. Сепак, зголемувањето на публиката и бројот на дистрибуирани пораки го доведе во прашање квалитетот на информациите. Класичните средства за информирање од јавен карактер и новите комуникациски технологии се јавуваат како силни механизми за политички активности преку кои тенденциозно се избираат информациите, забраните или привилегиите. Слободата на информирање е од големо значење за развојот и унапредување на демократските општества, а заштитата и унапредувањето на основните слободи на поединците е јадрото од кое треба да произлезат сите форми на безбедност. Загрозување и стеснување на оваа слобода, нужно води кон загрозување на денешниот систем на политичко вреднување, отстапување од некои докажани демократски принципи и загрозување на безбедноста на национално и на глобално ниво. Токму тука мора да се направи рамнотежа помеѓу, од една страна, слободата на изразување и, од друга страна, правото на навремена и




Откривање на крајната цел на процесот на ширење лажни вести, во голема мерка го одредува карактерот и сериозноста на безбедносно-политичките импликации. Во контекст на заканите, може да се квалификуваат како ризици од сепаратистички побуди, вооружено востание, тероризам, национален и верски екстремизам, разузнавачки активности, подготовки за политички атентати и слично

вистинска информација. Значењето на ширењето на лажни вести е засновано врз различни критериуми. Ако се земе предвид степенот на штетност како критериум за класификација, тогаш може да се разликуваат национални и меѓународни импликации, но оваа поделба е во основа релативизирана, токму поради фактот дека глобалните комуникациските мрежи овозможуваат брзо креирање на лажни вести кои за кратко време ќе бидат достапни низ целата планета. Ако се класифицираат според авторот што ги создал, можеме да ги разликуваме како креирани од поединци, политички партии, интересни групи или разузнавачки служби на одредени земји. Кога како критериумот го одредуваме објектот којшто е цел на лажните вести, во принцип лажните вести може да се поделат на оние коишто се насочени кон одредена личност од јавниот живот, кон одреден колектив, кон политичката партија, кон државата или кон група на држави. Сите споменати критериуми се важни при истражување на обемот на лажните вести во однос на нивната цел, а тие можат да бидат за поддршка, но и за противзаконски избраната влада. Како и да е, нивната цел се пропагандни активности кои опфаќаат планирано, организирано и намерно ширење на политичките идеи и ставови заради постигнување на влијание врз разбирањето и однесувањето, и на поединци и на колективи.

Лажните вести, како дел од доктрината за предивикување или управување со кризи, или во поширока смисла, управувањето со јавното мислење, најчесто е насочено кон: предизвикување на „телевизиска револуција“, која во одредени случаи има елементи на државен удар; „зачувување на демократијата“ во случаи кога без разлика на јавното мислење, по секоја цена треба да се зачува постојната гарнитура на власт; предизвикување на граѓанско незадоволство и нарушување на редот и мирот, преку прикриено наметнување на сопствените интереси, користејќи го како параван интересот на народот, или создавање на услови кај домашната и светската јавност, војната во медиумите да се претвори во вистинска војна.Треба да има поактивна и подобра употреба на националните безбедносни комуникации, заради поефикасно спротивставување со овие сложени предизвици. Од страна на Европската комисија, но и од страна на безбедносните институции, лажните вести со антиевропски содржини веќе детално се анализираат. Обидите да се донесе закон за справување со лажните вести неизбежно се соочуваат со предизвици. Поради брзината и широкиот дострел на ширењето на информациите, како и нејаснотија за тоа што точно претставуваат лажните вести, за законодавството борбата



против лажните вести е предизвик. Правните мерки за лоцирање на лажните вести можат да резултираат со неочекувани последици. Доколку се отстранат лажните вести, може да се поттикне таканаречениот „ефект од бришење на содржината“, со што се зголемува вниманието на публиката за одреден проблем. На пример, во Кина се преземаат агресивни напори да се цензурираат објавувањата на социјалните медиуми кои не се во согласност со владините политики, и сето тоа го засили верувањето помеѓу луѓето дека цензурираните натписи ја претставуваат вистинската состојба на ситуацијата. Во моментов е премногу рано да се проценат негативните и позитивните влијанија на преземените правни иницијативи против лажните вести. Сепак, секој обид да се донесе закон против лажните вести неизбежно ќе се сретне со одредени потешкотии:




Во периодот на пандемијата од Ковид-19 постојат многу примери за тоа како интернетот и медиумите се злоупотребени од страна на радикални организации и нивни поддржувачи кои шират пропаганда и лажни вести. Меѓу најранливите од овие ризици се демократските држави. НАТО и ЕУ веќе преземаат практични мерки за нивна неутрализација но, исто така, важно е секоја земја членка да има транспарентна и конкретна политика

прашањето за дефинирање на лажните вести; глобалната димензија на сајбер-просторот во однос на територијалните граници на законодавството и регулативите поврзани со содржината во сајбер-просторот; предизвиците во идентификувањето на вистинскиот извршител на поднесените лажни вести; софистицираноста на кампањите за дезинформации. Важно е да се најде заеднички меѓународен компромис помеѓу „онлајн“ и „офлајн“ регулативите за интернетот. Разликите во однос на тоа што е легално и тоа што не е легално во различни држави, би значело дека „странски непожелни материјали“ би можеле да продолжат да бидат достапни во други земји, и покрај напорите на една држава да го забрани тоа. Затоа е многу тешко да се усогласат спротивставените културни вредности вградени во содржините на дигиталните информации. Воспоставување на владини или невладини организации составени од различни експерти кои ќе се спротивставуваат на лажните вести, можат да спроведат иницијативи за истражување и проверка и да обезбедат поддршка во борбата против операциите за пласирање на дезинформации. Овие институции можат да изработуваат содржини за емитување, за печатените и социјалните медиуми, со цел да ја информираат јавноста. Потребна е едукација за професионалците во медиумите и корисниците на дигитални информации преку алтернативни средства. Овие решенија може да вклучат и проширување на политиките за медиумска писменост и критичко размислување, планирање на иницијативи за воспоставување на здрави навики на корисниците на социјалните медиуми. Преку еден непристрасен став, ќе се стекне поголема доверба од страна на граѓаните и нивно интегрирање во борбата против лажните вести. Овој однос помеѓу НВО и државата, може да послужи како мост на доверба, којшто го олеснува јавното-приватно партнерство и ќе резултира со конструктивни активности во корист на владата, индустријата и општеството како целина. Преземените мерки ширум светот за донесување закони против лажните вести, генерално се движат во позитивна насока. Јасно е дека кое било законско решение мора да биде дел од една мултифункционална стратегија, која треба да вклучува превентивни мерки кои се фокусирани на прашањата за соработка помеѓу широк спектар на актери и организации, а во неа треба да бидат опфатени кризната комуникација, мерките за проверка на фактите и спроведување на долгорочни решенија како што се медиумската писменост и негувањето на соодветни социјални норми. Исто така, секој од нас со сопствено критичко размислување и проверка на фактите треба индивидуално да ја води оваа битка. Образовниот систем, преку развивање на образовни модули за медиумска писменост, ќе креира критичка јавност која успешно ќе ги препознава и ќе се справува со дезинформациите и лажните вести.

д-р Ненад Танески



# Новиот СТАРТ и новата трка по нуклеарно вооружување



Контролата на нуклеарното вооружување во светот е исклучително значаен балансирачки фактор кој придонесува во одржувањето на светскиот мир. САД и Русија важат за земји со најбогат инвентар на нуклеарни боеви глави, иако нивниот број денес е значително помал од оној во најмрачните денови на Студената војна. Контролата на ова стратешко вооружување, како и верификацијата за одговорното однесување при начинот на неговото распоредување, покрај националните процедури, билатерално е обезбедено со актот наречен: Новиот договор за редуцирање на стратешко вооружување – Новиот СТАРТ.

САД и Русија традиционално имаат богата историја на спротивставување и презентирање на силите и способностите, што неизбежно беше толкувано како зголемување на тензиите од страна на меѓународната јавност. Најкарактеристичен елемент на периодот на Студената војна е трката по вооружувањето помеѓу двете спротивставени страни, САД и тогашниот Советски Сојуз. Она што го обележа крајот на непотребното трупање стратешко вооружување на овие велесили беше INF-договорот (Intermediate-range Nuclear Forces Treaty), потпишан од американскиот претседател Роналд Реган и последниот генерален секретар на комунистичката партија на СССР, Михаил Горбачов, во 1987 година. INF-договорот воведе рестрикција за употреба на сите земни балистички ракети, крстаречки ракети и нивни лансери со дострел од 500 до 5,500km, што опфаќаше особено широк спектар на вооружување и за двете страни.







Набргу потоа, беше предложено воспоставување договор кој ќе ги ограничи потписничките на распоредување на не повеќе од 6000, нуклеарни боеви глави на 1600 интерконтинентални балистички ракети. Овој новопотпишан договор, своевремено беше познат како САЛТ 3, во духот на претходните воспоставени договори, но набргу го доби името СТАРТ 1, со што ги најави намерите на страните за продолжување на практиката на асертивно решавање на прашањата за контрола и редукција на нуклеарното вооружување. Распадот на Советскиот Сојуз кој се случи по потпишувањето на овој договор не значеше и негово прекинување, со тоа што САД и поранешните членки на Советскиот Сојуз, а сега нуклеарноспособни независни држави, го потпишаа Лисабонскиот протокол со кој се осигура важноста на одредбите од СТАРТ 1, чија важност траеше до 5 декември 2009 година.
Вашингтон и Москва, а воедно и меѓународната јавност, уочија дека ваквата билатерала за контролата и ограничувањето на нуклеарното вооружување е особено корисна и се согласија дека таа треба да продолжи во иднина. Ова резултираше со тоа што во февруари 2011 година, Обама за САД и Медведев за Русија го потпишаа „Договорот за мерките за дополнително редуцирање и ограничување на стратешкото офанзивно вооружување“, уште познат и како „Новиот договор за редуцирање на стратешкото вооружување“ (The New Strategic Arms Reduction Treaty - New START). Ова значеше одлучен чекор напред кон меѓусебната доверба и односите помеѓу светските сили и одговорен потег на полето на зачувувањето на светската нуклеарна стабилност и контрола.
Новиот договор постави точно одредена рамка за развој и распоредување на вооружување од овој вид:
700 распоредени интерконтинентални балистички ракети, распоредени балистички ракети лансирани од подморници и распоредени тешки бомбардери опремени за нуклеарно вооружување;
1550 нуклеарни боеви глави на распоредените интерконтинентални балистички ракети, балистички ракети лансирани од подморница и распоредени тешки бомбардери опремени за нуклеарно вооружување;
800 распоредени и нераспоредени лансери за интерконтинентални балистички ракети, подморнички лансери на балистички ракети и тешки бомбардери за оваа намена.
Според оваа договорена рамка секоја потписничка има слобода да ја креира структурата на својот стратешки арсенал, која нема да ги надминува пропишаните граници.
Покрај ограничувањата пропишани со одредбите на Договорот, уште една особено важна карактеристика на овој акт е механизмот за верификација на почитувањето на одредбите, односно елементот на транспарентност. Овој механизам е составен од мерки што овозможуваат секоја од договорните страни непречено да врши контрола на распоređеното и нераспоредното вооружување, кое го поседува другата потписничка. Мерките вклучуваат: инспекции на самото место во базите каде што е распореден арсеналот; пребројување на нуклеарните боеви глави што се чуваат и оние со кои се вооружени тешките бомбардери; потврдување на постоењето на вооружените подморнички и земни лансери; потврдување на елиминациите на одреден број средства, како и размената на податоци и известувања поврзани со стратешкото вооружување.
Инспекциите кои се пропишани во Договорот се поделени на: тип 1 – инспекции на бази со распоредени и бази со нераспоредени стратешки системи; и тип 2 – инспекции само во бази со нераспоредени системи (складирани).
Оттука, логично се поставува прашањето: Зошто Новиот СТАРТ е толку важен во овој момент?
Крајот на осумдесетите години на дваесеттиот век беше обележан со значително смирување на тензиите за стратешко вооружување помеѓу САД и тогашниот Советски Сојуз. Тенденцијата за одржување на контролата на вооружувањето, процесите на производство и ракувањето со материјалите продолжи и по распадот на СССР и со земјите кои штотуку прогласија независност, а располагаа со вакви капацитети. На почетокот на дваесет и првиот век кривата на соработка на полето на стратешкото вооружување почна да опаѓа, при што периодично беа раскинувани низа договори кои адресираа прашања од овој домен. Една од критичните точки на оваа тенденција се случи во 2013 година кога САД објавија сериозни обвиненија за прекршувањето на INF-договорот од страна на Русија што само дополнително придонесе во заладување на односите помеѓу овие две земји. Меѓународната јавност не остана рамнодушна на овие обвиненија, така што и Генералниот секретар на Обединетите нации – Антонио Гутерес и Генералниот секретар на НАТО – Јенс Столтенбер неколкупати ги повикуваа страните на смирување на тензиите и придржување кон одредбите на историскиот договор. Во годините што следуваа двете страни не успеаја да најдат соодветно решение. Ова доведе

до тоа што на 2 август 2019 година САД официјално се повлече од почитување на одредбите од Договорот и го заврши процесот на отстапување, кој е пропишан со членот 15 од договорот, а кој го започна во март истата година. Русија го суспендираше договорот скоро во исто време како и САД.



Иако ова важи за значителен пораз за системот на меѓународни односи во светот, сепак, можноста за контрола на вооружувањето сè уште не е целосно исклучена. Новиот СТАРТ (The New Strategic Arms Reduction Treaty- New START), засега е единствениот и последен договор кој ја регулира контролата на стратешкото вооружување помеѓу САД и Русија. Земајќи ги предвид тензиите во однос на INF-договорот помеѓу земјите, овој договор дава одредена временска рамка во која би се случиле промените на ситуацијата. Ова значи дека следната критична точка за решавање на проблемот со иднината на стратешкото вооружување на овие два гиганти е во февруари 2021 година. Дотогаш и Москва и Вашингтон мораат да поработат на можни решенија и да најдат заеднички јазик за решавање на проблемот. Ставот на Москва укажува на тоа дека Русија е подготвена за соработка и се согласува за продолжување на договорот, иако не открива детали во врска со евентуални побарувања за проширување на одредбите на договорот. Конкретно, би се очекувало Москва да се стреми новиот договор да ги опфати и беспилотните летала на САД кои Путин уште во 2018 година ги препозна како воени средства кои имаат слични способности како и балистичките ракети со среден дострел.
САД ги најавија своите размислувања во врска со вклучувањето на Кина во договорот, но во исто време и за неговото проширување, со тоа што покрај вооружувањето кое е опфатено во договорот, ќе бидат вклучени и новиот „Посејдон“, подводен дрон на нуклеарен погон вооружен со нуклеарна боева глава и крстосувачките ракети на нуклеарен погон вооружени со нуклеарна боева глава.

Иако постојат размислувања дека ќе биде особено неповолно продолжувањето на Новиот СТАРТ да се поврзе со случувањата со INF-договорот, во овој момент двете страни се согласни дека Новиот СТАРТ е последниот акт кој ги обврзува САД и Русија на одредени рестрикции од овој домен. Поради ова, доколку INF-договорот не може да биде повторно активиран, не само што би било потребно да се обнови Новиот СТАРТ, туку и особено корисно би било да се прошири во насока на ограничување, редукција и контрола на вооружувањето на двете страни. Со ова Новиот СТАРТ ќе служи како главен гарант за контрола на вооружувањето на двете велесили. Вашингтон и Москва, во духот на претходните примери на историска соработка, треба да се стремат да обезбедат услови Новиот СТАРТ да не го доживее крахот на INF-договорот, имајќи предвид дека комплексот на Студената војна е одамна надраснат, а новата трка по вооружување би чинела многу повеќе и би била далеку поопасна отколку што историјата има забележано.

Бојан Миклош






*Храбра девојка-борец, која била тешко ранета, фатена и измачувана и, откако не сакала да ги предаде соборците, таа била жива закопана во гроб. Името на Марија Ѓорѓиева, позната под партизанското име Маца Овчарова, со гордост го носи ПОУ „Маца Овчарова“ во Велес во кое се школуваат деца со посебни потреби*

# Марија Ѓорѓиева (Маца Овчарова)

Марија Ѓорѓиева, подоцна позната со партизанско име Маца Овчарова, била родена на 19 март 1922 година во Велес. Потекнувала од работничко семејство. Млада се вработила во Монополот како монополска работничка. Во напредното младинско движење се поврзала пред 1941 година. Се дружела со постари комунисти и СКОЈ-евци кои влијаеле таа целосно да се определи за работничкото движење. Во текот на 1941 и 1942 година членувала во повеќе младински групи во Велес преку кои непосредно се ангажирала околу собирањето на Црвената помош, растурање на летоци, читање на напредна литература и слично. По доаѓањето на фашистичките окупатори во Македонија, таа активно работела меѓу женската младина. Активно го помагала Народноослободителното движење, собирајќи храна, оружје и други потреби за партизаните. Во септември 1942 година му се придружила на одредот на теренот на Мокренската Планина, во неговата Трета чета. Учествувала во сите борбени акции на одредот против бугарскиот окупатор. Се истакнувала како храбар и бестрашен борец, наоѓајќи се секогаш во првите борбени редови.

При крајот на декември 1942 г. и почетокот на јануари 1943 година, дел од борците на партизанскиот одред „Димитар Влахов“ вршеле подготовки за извршување на акции против окупаторот, а истовремено барале и соодветно место за презимување. Меѓутоа, окупатор во овој период засилено ја вршел офанзивата за конечно уништување на одредот. Во првите денови на јануари 1943 година, 12 борци на одредот „Димитар Влахов“ се приближувале кон Зелениково со намера да ја преминат реката Вардар за да се упатат во Источна Македонија. Но, борците биле откриени од непријателот и почнала тешка и нерамна борба. Во крајно неповолен однос на силите, борците ја прифатиле борбата. Во оваа борба прв загинал Никола Цветков-Балас,а повеќемина борци биле ранети. Некои потоа биле убиени, а некои заробени. Меѓу ранетите биле Трајко Бошковски Тарцан и Маца Овчарова. Повлекувајќи се пред потерата во село Сливник, Марија била тешко ранета. Сè уште жива била фрлена во гробот на нејзиниот мртов соборец Тарцан, а кога и тогаш ништо не прозборела, храбрата и бестрашна Марија била жива закопана.
Марија Ѓорѓиева или Маца Овчарова загинала за слободата на својот македонски народ во цутот на својата младост, на неполна 21 година. Нејзините идеали и маченичка смрт се светол пример за сегашните и идни генерации, за тоа колку може да се сака својот народ и својата татковина.
Нејзиното име е запишано со златни букви во македонската историја за никогаш да не се заборави и да биде светол зрак – патоказ за сегашните и идни поколенија. Во велешкото село Сливник од страна на Општинскиот сојуз на борци од НОВ од Велес е подигнат споменик со спомен плоча во чест на Трајко Бошковски-Тарцан и Маца Овчарова, но како што сме информирани од Општинскиот сојуз на борците од Велес, спомен плочата пред седум година била вандалски скршена и уништена. Јавно прашувам дали виновникот или виновниците на овој вандализам со кој се гази по македонските борци загинати за слободата на својата татковина и својот народ конечно ќе бидат откриени и соодветно казнети од надлежните органи заради уништување на овој споменик посветена на храбри македонски борци кои во цутот на својата младост храбро гинеле за слободата на својот народ и за својата сакана татковина.

Антоанела Димитриевска



# Значењето на физичката сила

Војувањето еволуира поради начинот на војување и алатките кои се користат, но природата на војната, како што најдобро ја опишал Клаузевиц, е „царство на физички напор и страдање“ и секогаш ќе остане непроменето

Физичкиот стрес на современото војувалиште воопшто не е намален од порано. Напротив, релативно е зголемен токму поради лажната претстава дека технологијата и современото вооружување ќе ја олесни војната. Денешниот војник системски се навикнува на предностите кои ги носи технологијата и постои тренд да се игнорира или да се релативизира важноста на физичката сила. Во модерните војски сè повеќе се алармира потребата од одржување на стандардите на физичка подготвеност бидејќи постои перцепција дека само одредени специјалности имаат потреба од физичка сила. После милениуми на војни во светот, денес повторно се преиспитува значењето и потребата од гола физичка сила. Преку физичката обука се развиваат воени вештини кои се од суштинско значење за личната безбедност на војникот и за ефикасно извршување на борбените задачи. Основни вештини коишто секој војник треба да ги знае и понатаму се трчање, скокање, качување,ползење, пливање и подигнување на тежина. Атлетиката се смета за кралица на спортовите, бидејќи нејзините дисциплини потекнуваат од античко време, а претставува демонстрација на војничките вештини. Физичките карактеристики на војникот отсекогаш се истакнувале како супериорни над оние кои не биле војници. Првите атлетичари биле војници кои се натпреварувале во трчање, во фрлање копје и камен, скокање во далечина и на височина, активности кои во тоа време се барале од војникот на боиштето. Првиот маратонец бил Филипидис, куририот кој ја пренел пораката од Маратон до Атина за победата врз Персијците во 490 г.пр.н.е.

Во античко време фитнесот и вежбањето се сметале за доблест кај човекот. Платон и Аристотел го истакнувале вежбањето и физичката





Преку физичката обука се развиваат воени вештини кои се од суштинско значење за личната безбедност на војникот и за ефикасно извршување на борбените задачи. Основни вештини коишто секој војник треба да ги знае и понатаму се трчање, скокање, качување, ползење, пливање и подигнување на тежина

кондиција на луѓето како државна политика и воена стратегија и нешто кое влијае врз психологијата и интелектуалниот живот на луѓето. Оваа филозофија ја прифатиле и Римјаните во познатата изрека „Mens sana in corpore sano“ (во здраво тело има здрав ум). Римските војници биле познати најмногу по нивната способност брзо да се движат и утврдуваат. Градењето на кампови следувало веднаш по изминати стотици километри марш со цела индивидуална и колективна опрема. Успехот на римската војска се должела на дисциплината, која се одржувала преку физичка работа. Кога не се движеле и не се бореле, легионерите го поминувале времето во градење на инфраструктура, во вежбање и обука.
Има безброј други примери од историјата кои го потврдуваат фактот дека физичката сила отсекогаш била не само својствена, туку и суштинска за војната и војската. Доктринарното препознавање на физичката подготвеност на војските започнува со првата голема реформа во воените работи во 17 век. Тогаш се создаваат модерните национални држави, професионалните војски и дисциплинирање на воената моќ. Обуката на војникот, во која била истакната физичката сила, се должи на развојот на оперативната вештина во 19 век, каде што мобилноста на боиштето била клучна за победа. Долги и брзи маршеви со товар биле пресудни во Наполеоновите војни. Француските војници можеле да се движат по 50 километри дневно и веднаш да стапат во борба. Наполеон ги движел единиците на растојание од еден ден марш. Тоа била иновација на боиштето – брза концентрација на сите единици во една точка откако една од нив ќе направи контакт со непријателот. За тоа била потребна голема физичка сила.
Во Втората светска војна е извршена најголема мобилизација на луѓе за војна во историјата на човештвото. Тогаш за прв пат е забележано дека модерниот начин на живот, науката и технологијата, драстично ги измениле физичките карактеристики на војниците. Машините, возилата и алатките наменети да ја олеснат физичката работа и да ја зголемат продуктивноста ги намалиле физичките способности кај просечниот човек. Денес, последиците од модерниот начин на живот врз физичките способности се уште поголеми. Еден просечен човек, денес, освен ако не се занимава со спорт, не би ги исполнил нормите за издржливост и сила на просечен човек од минатото, иако поради современата медицина е далеку поздрав и има подолг животен век. Меѓу првите обиди физичката сила да се вметне во воената доктрина е американскиот прирачник „ФМ 21-20“ од 1946 година. По извршените анализи од физичкиот стрес на боиштето за време на Втората светска војна, со овој прирачник биле поставени темелите на воениот фитнес, на физичкото вежбање, кое за разлика од спортското, требало да ги развива оние карактеристики кои на војникот реално му требаат во време на војна. Било идентификувано дека покрај сила, издржливост и подвижност, кај војникот треба да се развие и чувство на лидерство, иницијатива, емоционална стабилност и волја за победа. За прв пат се воведени препреки кои го симулираат теренот



Посветеноста на војникот да ја одржува физичката култура, комбинирана со здрав начин на живот, директно ќе влијае врз ефикасноста за извршување на секојдневни задачи и воопшто, на борбената готовност. Оттука, задача за лидерството е ова да се поттикнува, да се одржува и да се зајакнува

на боиштето. Со ова правило за прв пат се дефинирани и критериуми за физички проверки за да го следат прогресот на војникот. Секојдневната војничка обука е директно поврзана со физичката подготвеност. Физичката сила на војникот ја намалува веројатноста од повреди во текот на обуката. Освен тоа, постојат многу специфични обуки кои бараат посебно висока физичка подготвеност. За да бидат достапни за војникот, одредени воени школи и курсеви бараат исполнување на ригорозни физички критериуми. И сето тоа е далеку од вистинскиот физички стрес на боиштето во вистинска војна. Затоа на физичката сила треба да се гледа како на неопходност и предуслов за војничката професија. Физичкото вежбање во војската е комбинација на технички, ментален и физички дел. Техничкиот е потребен за развој на знаења и вештини во борба, менталниот за да предизвика поттик и желба за победа, а физичкиот за стекнување на сила и издржливост. Ефективноста во борба, во голема мера зависи од физичката подготвеност. Од војникот се очекува голема сила, издржливост, подвижност и координација на телото. Без оглед на технологијата, современиот војник и понатаму ќе се најде во ситуација да се движи на долги растојанија со опрема, со оружје и муниција, речиси секогаш низ лош терен и во отежнати временски услови. Подигнување на тешки предмети е секојдневие во војничката професија. Наједноставна задача, како товарање и растоварување на камион е физичка активност која бара одредена сила и техника. Војниците и понатаму извршуваат тешки задачи, без оглед на технологијата и современата опрема. Но, најважна улога на физичката подготвеност е што таа директно влијае на менталната и на емоционалната кондиција т.е. на моралот на војникот. Војникот кој е физички подготвен полесно се справува со замор, физичко исцрпување и со повеќедневно



ангажирање без одмор.
Физичката сила ја зголемува самодовербата на војникот, бидејќи знае дека е поиздржлив на физички стрес. Тоа директно влијае на одржување на присебност во тешки моменти. Една воена единица е силна колку што е силна најслабата алка. Ова подразбира потреба од тимска работа во пристапот на вежбањето. Програмата за вежбање треба да биде така усогласена што сите во единицата ќе се развиваат приближно кон потребните критериуми. Квалитетот на единицата се цени според вкупната физичка подготвеност на сите припадници. Искуствата од реални ситуации покажале дека е многу поважно за командирот ако сите во единицата се подготвени на приближно исто ниво, отколку кога некои поединци отскокнуваат. Тимската работа и тимскиот дух треба да се отсликува на сите полиња, и ова особено важи кога единицата ќе се соочи со тежок физички напор. Затоа во војска е важно заедничкото вежбање наспроти индивидуалното постигнување на рекорди. Во сите војски е утврдено дека најважно за развој на колективниот дух на воената единица е заедничкото синхронизирано утринско вежбање. Тоа е метод за колективно, сите, да се доведат на приближно рамниште во поглед на физичката сила. Посветеноста на војникот да ја одржува физичката култура, комбинирана со здрав начин на живот, директно ќе влијае врз ефикасноста за извршување на секојдневните задачи и воопшто, на борбената готовност. Оттука, задача за лидерството е ова да се поттикнува, да се одржува и да се зајакнува. Лидерот на секое ниво мора да обезбеди војниците да бидат физички подготвени, затоа што војската е психофизички напорна професија. Извршувањето на секојдневните задачи во мирно време и за време на војна бара од војникот значителен степен на цврстина на нозете, на рацете, на грбот и на абдоменот. Со редовно и напорно вежбање се зголемува големината и силата на мускулите. За војникот е најдобро да применува функционално вежбање, што претставува симулација на активности при извршување на секојдневните задачи. Преку



Меѓу првите обиди физичката сила да се вметне во воената доктрина е американскиот прирачник „ФМ 21-20“ од 1946 година. Со овој прирачник биле поставени темелите на воениот фитнес, на физичкото вежбање, кое за разлика од спортското, требало да ги развива оние карактеристики кои на војникот реално му требаат за време на војна

боречките вештини кај војникот се развиваат специфични вештини како што се подвижност, самодоверба, будност, снаодливост и агресивност, а преку ситуациони натпреварувачки активности се гради тимска работа, волја за победа, солидарност и можност за брзо размислување и дејствување под притисок.
Во повеќе НАТО земји посебно се издвојува време и пари за да се направат истражувања и анализи на поврзаноста на резултатите во работата на војникот со неговата психофизичка подготвеност. Практиката покажува дека оние војници кои се психофизички подготвени, имаат подобри резултати во поглед на некои критериуми во професионалните вештини, ефикасност и брзина во извршување на задачите, критичко размислување, комуникација со останатите припадници, ментална цврстина, справување со стресни и напорни ситуации. На човечкото тело треба да се гледа како на машина составена од тело и ум (физички и ментален дел). И двата дела треба подеднакво да се тренираат. Војникот кој секој ден вежба има повеќе енергија од оној кој не вежба. Секојдневното физичко вежбање прави војникот да остане буден и енергичен во текот на денот. На стратегиско ниво, преку системско одржување на физичката подготвеност на војската, се намалува ризикот од повреди и болести. Стресот во модерното војувалиште наметнува потреба сите војници да бидат физички подготвени, без оглед на нивната специјалност. Во кој било род или служба, потребно е високо ниво на фитнес, бидејќи порано или подоцна, војникот ќе се најде во ситуација кога од тоа ќе му зависи животот и извршувањето на задачата. Во една воена единица, доколку сите не се подготвени на исто ниво, или ќе падне стандардот или ќе се зголеми нервозата поради нерамноправниот распоред на товарот од работата. Психофизички подготвен војник може повеќе да сработи од оној кој не е подготвен. Современиот војник е вооружен и опремен со повеќе средства кои тежат, а тие треба да се носат на боиштето. Дури и на оние работни места каде не се носи опрема, нивото на стрес може да биде големо. Психофизички подготвените војници се покажале како ментално постабилни во ситуации кога се бара за кратко време да се заврши многу работа. За висока борбена готовност на војникот потребно е добро здравје, ментална цврстина, отпор на повреди и издржливост. Физичката подготвеност влијае на индивидуата, но и на колективот. Воената единицата е онолку силна колку што е најслабиот и брза колку што е најбавниот војник.

Ѓорѓи Вељовски




Разговор со
**постар водник прва класа, Игор Николовски, претставник на Армијата во Кризниот штаб на Куманово**

# Поддршка за граѓаните при справување со пандемијата

Армијата е секогаш тука за своите граѓани, коментираа кумановци кои ги следеа објавите на социјалните мрежи каде припадниците на Армијата помагаат на Црвениот крст и на другите хуманитарни организации при дистрибуирањето на прехранбени пакети или учествуваат во дезинфекција на улиците, на станбените објекти во Куманово, токму во периодот кога градот беше најпогоден во државата од пандемијата Ковид-19. Во периодот на кризата, речиси секојдневно општина Куманово одржуваше седници на кризниот штаб, каде покрај припадници од различни државни и локални институции присуствуваше и претставник од Армијата од касарната „Боро Менков“, Игор Николовски, постар водник прва класа, подофицер за односи со јавноста и цивилно-воена соработка во Командата на Првиот пешадиски баталјон.

Градот Куманово изминатиов период се соочи со голем број дијагностицирани и заболени од вирусот COVID-19. Со цел да се спречи ширењето на пандемијата беше формиран Кризен штаб за градот Куманово во кој беа вклучени релевантни претставници на институциите. Игор Николовски, постар водник прва класа и подофицер за односи со јавноста и цивилно-воена соработка од касарната „Боро Менков“ во Куманово, беше претставник во Кризниот штаб од Армијата на Република Северна Македонија, кој активно учествуваше на состаноците и во реализацијата на мерките кои требаше да се преземаат во градот Куманово

**Која беше твојата задача во рамките на Кризниот штаб?**
– Како надворешен член на општинскиот кризен штаб, претставник од Армијата, мојата улога во Штабот беше да ја следам состојбата со кризата на општинско ниво, размена на информации и споделување на истите со моите претпоставени заради навремено ангажирање на нашите припадници таму каде што имаше потреба. Како надворешен член на Кризниот штаб на Куманово, лично сметам дека Кризниот штаб донесе многу одлуки и успешно се справи со кризата на општинско ниво, односно










не дозволи вирусот да излезе од контрола.

### Кои беа активностите на припадниците на Армијата во Куманово?

– Припадниците на Армијата на Република Северна Македонија во Куманово имаа поголем број задачи во рамките на своите надлежности за справување со пандемијата и ширење на вирусот меѓу граѓаните на Куманово. Тие беа вклучени во дезинфекција и асистенција на припадниците на СВР во спроведување на повеќе активности кои беа дел од мерките за справување со пандемијата од Ковид-19 и спречување на ширењето на вирусот кои беа донесени во рамките на Кризниот штаб на Куманово. Речиси и да немаше ден припадниците на Армијата, заедно со екипите на Општината, на Црвениот крст, на јавните претпријатија, да не учествуваа во акција на дистрибуција на прехранбени пакети, хигиенски пакети, пакети со дезинфекциски средства. Пакетите им се делеа на најранливите категории граѓани, според евиденцијата на задолжените институции за тоа. Таа несебична поддршка на Армијата беше забележана од кумановци кои ја истакнуваа поддршката како ефективна и ефикасна во борбата против вирусот Ковид-19. Активностите не беа само делење на пакети, туку и пакување на пакетите на пунктот кај комлексот базени во Куманово. Секојдневно имаше фотографии како се подготвуваат пакетите и како им се дистрибуираат на оние на коишто во дадениот момент им беше најпотребна помош од храна. И не само на социјално загрозените, туку и на постарите, на немоќните, на оние кои не смееја да излегуваат и да се изложуваат на вирусот. Армијата им асистираше на припадниците на МВР во спроведување на препораките за одржување на физичката дистанца, за потребните два метри растојание помеѓу граѓаните, по препорака на надлежните здравствени институции.

### Каква беше соработката на припадниците на Армијата со граѓаните на Куманово?

– Во текот на сите ангажирања граѓаните на Куманово ни даваа максимална поддршка и ги почитуваа мерките кои ги донесуваше Општинскиот штаб за заштита и спасување (ОШЗС). Како директно вклучен во работењето на Штабот, не заборавав и лично да им препорачувам на моите сограѓани од Куманово, доследно да ги почитуваат мерките, посебно мерките за социјална дистанца, за носење на опрема за лична заштита и секако, редовно миење на рацете и користење на средства за дезинфекција. Станарите од големиот број станбени единици беа пријатно изненадени кога припадниците на Армијата, во соработка со јавните претпријатија или екипи на противпожарната единица, ги дезинфицираа зградите како една од мерките за превенција од ширење на вирусот. Можам да заклучам дека влијанието и самото присуство на припадниците на Армијата и довербата која ја ужива од граѓаните се покажа како исклучително важна при одржување на физичката дистанца на јавните места.

Александра Максимовска



# Национален воздухопловен музеј на САД

Во близина на Дејтон, Охајо, во Соединетите Американски Држави, во воздухопловната база Рајт-Патерсон се наоѓа еден од најголемите воздухопловни музеи во светот – Националниот воздухопловен музеј на САД.

Со преку 360 воздухоплови, неколку вселенски ракети и делови од вселенска опрема, документи и делови од воздухопловната историја кои се изложени во четири големи хангари, овој музеј е еден од најкомлетните музеи и со сигурност има што да им покаже на љубителите на воздухопловството. Самата бројка од околу еден милион посетители годишно го потврдува овој факт. Основан е во далечната 1923 година, што воедно го прави овој музеј да биде и еден од најстарите воздухопловни музеи во светот. Во својата колекција музејот вклучува доста ретки и единствени примероци.
Музејот е поделен на неколку изложбени галерии: надворешен парк, галерија посветена на раните години на воздухопловството, на Втората светска војна, Корејската војна, Југоисточна Азија – Виетнам, Студената војна, ракетна галерија, претседателски дел, глобален дострел, вселена и развој и нова технологија. Покрај овие поставки во склоп на музејот има и меморијален парк и национална воздухопловна хала на славните. Честопати делови од хангарите каде се изложени воздухопловите се користи за организирање на јубилејни настани како, на пример, прославата на 75-годишнината од денот „Д“.
Првата поставка на која наидувате при обиколката на овој музеј се наоѓа под отворено небо и се наоѓа пред самиот влез во првиот хангар од музејот. Во овој дел се изложени: прототипот на „C-17 Globemaster III“, „Boeing EC-135E ARIA“, „A-10A Thunderbolt II“, кој има 64 мисии во операцијата „Пустинска Бура“, „F-15A Eagle“, „C-130“ итн. Во склоп на овој дел има меморијален парк посветен на загинатите припадници на воздухопловните сили на САД, воедно има и контролна кула со оперативна сала, како и забавен пак за најмладите.
Веднаш по влегувањето во првиот хангар наидувате на првата внатрешна галерија која е посветена на почетоците на воздухопловството и го покрива периодот од 1903 година, па сѐ до пред почетокот на Втората светска војна.
Во него се опишани почетоците на авијацијата и оформувањето на првите воени воздухопловни единици на САД. Првиот авион кој беше влезен во военото воздухопловство на САД, моделот „Wright 1909 Military Flyer“ т.е. неговата репродукција со некои оргинални делови донирани од семеството на Орвил Врајт, е изложен во овој дел на музејот и е вистински раритет. Во овој дел, исто така, е изложен и германскиот трикрилец „Fokker Dr. I“, кој е еден од најпознатите авиони од Првата светска војна. Четириесетина други воздухоплови од различни држави и производители од тој период се изложени во овој дел. Во продолжение на истиот хангар е поставена втората поставка посветена на Втората светска војна. Поставката ги опишува најважните моменти на воздухоплоството кои се случувале во текот на војната. Во овој дел на музејот се изложени  експонати од боиштата во Европа, Пацификот, голем арсенал на воздухопловно вооружување од тој период, како и мотори кои биле во употреба. Изложени се преку 50 авиони од различни држави и производители.
Примероци кои се истакнуваат во оваа поставка се: „B-17 Memphis Belle“,. кој е првиот бомбардер кој ја исполнил нормата од 25 мисии на боиштата во Европа, по што е вратен во САД, авионот од кој беше фрлена атомската бомба на Нагасаки , „Boeing B-29 Superfortress „Bockscar“, германските „ME 163B“ и „ME 262A“, последниот „North American P-51D Mustang“, кој бил во активна служба на военото воздухопловство на САД.  Во вториот хангар е сместен делот посветен

на Корејската војна. Со 15 авиони и голем број на различни експонати го опишува периодот на развојот на млазните мотори и воздушните битки од овој период. Во централниот дел на оваа поставка е поставена диорама која е обележјето на оваа војна, двата авиони кои ја водеа главната улога „F-86A Sabre“ и „MiG-15“. Во другиот дел на истиот хангар е сместена поставката посветена на војната во Виетнам. Во овој дел е изложен и авионот „McDonnell Douglas F-4C Phantom II“ со кој американскиот пилот, бригаден генерал во пензија Робин Олдс, воздухпловен ас од Втората светска војна во војната во Виетнам собори 4 непријателски воздухоплови. Покрај овој воздухоплов изложени се и иконата на Виетнамската војна, хелихоптерот „Bell UH-1P Iroquois“, конкретниот хелихоптер кој е изложен за време на војната бил користен како дел од специјалната единица на САД. Покрај овие карактеристични авиони изложени се уште 40 воздухоплови вклучувајќи ги: „Republic F-105D Thunderchief“, руските „Mikoyan-Gurevich MiG-21PF“ и „Mikoyan-Gurevich MiG-17F“, „North American F-100F Super Sabre“, „Northrop YF-5A Freedom Fighter“ и други. Третиот хангар од музејот во целост му е посветен на воздухоплвството во времето на Студената војна. Оваа поставка го опишува брзиот технолошки развој и неговата имплементација во воздухопловството, како и променетиот начин на воздушно војување. Во овој сегмент на музејот се изложени 65 воздухоплови, 30 видови на наведувани ракети, околу 15 видови на авионски топови и митралези, бомби и слично. Покрај воздухопловите кои се произведувани и користени од САД, изложени се и воздухоплови од руско, британско, германско  и француско производство. Некои од воздухопловите кои се изложени се: „Lockheed F-117A Nighthawk“,  кој е изложен е вториот произведен авион од овој тип, „McDonnell Douglas F-15A Eagle“, „Mikoyan-Gurevich MiG-23MS“, „Mikoyan-Gurevich MiG-29A“, „Lockheed SR-71A“, кој е во музејот го има направено првиот борбен налет и воедно има најповеќе налети од сите „SR-71“, „Panavia Tornado GR1“ и многу други. Во овој дел има можност да се влезе во 5 кокпити од авиони, и тоа  A-7D, F-4D Phantom II,  F-16,  FB-111A и T-38. Помеѓу третиот и четвртиот хангар се поминува низ таканаречениот ракетен силос во кој се сместени неколку од ракетити кои го одбележаа развојот на ракетната техологија на САД. Изложени се осум интерконтинентални балистички ракети од различен вид. Во четвртиот и последен хангар има 4 подгалерии со постојани поставки. Првата од нив е преседателскиот дел каде што се сместени 9 авиони и еден хеликоптер кои биле на употреба за потребите на преседателите на САД и за нивните најблиски советници. Во секој случај, највпечатлив од нив е  „Boeing



VC-137C SAM 26000“ (Air Force One), кој во својот 36-годишен животен век има превезувано осум претседатели и голем број државници. Музејот овозможува посетителите да поминат и ја видат внатрешноста на овој авион. Другата подгалерија е посветена на глобалниот дострел т.е. на стратешкиот транспорт. Во вој дел се изложени 4 воздухоплови, и тоа: „Fairchild C-82 Packet“, „Learjet C-21A“„ Lockheed C-130E Hercules“ и „Lockheed C-141C Starlifter“. Третата подгалерија во овој хангар е посветена на развојната технологија за нови летала, како и на многи експериментални воздухоплови кои биле тестирани во минатото. Во оваа колекција има уникатни примероци, некои од нив се: единствениот останат нуклеарен бомбардер од типот „North American XB-70 Valkyrie“, „Avro Canada VZ-9AV Avrocar“ ,уште таканаречен „летечки тањир“, „Ryan X-13 Vertijet“, „Northrop-McDonnell Douglas YF-23A Black Widow II“, „McDonnell XF-85 Goblin“ и уште многу други кои не се произведуваа сериски но дадоа свој придонос за развивање на дел од денешните летала. Последната подгалерија во овој несекојдневен музеј е посветен на вселенските летала. Во својата постојана поставка брои 6 сателити, 5 модули, 6 различни видови и модели на вселенски одела, 3 лансирни ракети итн. Покрај овие, изложен е и експонат на „Space Shuttle Crew Compartment Trainer“, каде што посетителите можат да влезат и ја погледнат внатрешноста на ова летало. Низ хангарите каде што се изложени експонатите има три врвни симулатори со одлична резолуција и движења 360˚ кои може да се пробаат и истите се мошне реални, а има и интерактивни точки каде што посетителите може да се запознаат со основите на летањето. Со оглед дека музејот се наоѓа во активна воздухопловна база и е значаен објект којшто е многу посетуван, посетителите, поради безбедносни мерки, мора да поминат низ детектор за метал пред влез во музејот. Влезот во музејот е бесплатен и истиот е отворен секој ден од 09:00 часот до 17:00 часот, со исклучок на одредени национални празници кога е затворен. Музејот има бесплатен паркин и интернет. Просечното време коешто е потребно за посета на целиот коплекс изнесува 4 до 5 часа. Доколку сте вистински љубители на воздухопловството, тогаш со сигурност мора да го посетите овој музеј.

Златко Блажески



# Пионери на македонското воздухопловство



Некогаш авијатика и аероплани, подоцна авијација и авиони, но секогаш тоа биле неотсонувани сништа за многумина и реалност, би рекле, за малкутемина избрани поединци. Веројатно, тоа е причината поради која имињата на голем број пилоти влегуваат зад велот на заборавот, длабоко под правот на архивските полици.
Но, само со кусо историско навраќање на развојот на тоа воздухопловство и поттикнат разговор со сè уште живите сведоци на тие времиња, или нивни потомци, се будат сеќавањата на нив и нивните дела. А токму тие дела се коцките од мозаикот кој ја создава сликата на развојот и активностите на авијацијата или воздухопловство воопшто. И,.. ако браќата Рајт биле првите кои летнале со авион, следните по нив, не може да се именуваат како: втори, трети,... и т.н. Сите тие се дел од една иста сложувалка. Од тие причини, не се осврнувајте на редоследот на личностите, но запаметете ги нивните имиња и дела.
Васко Ивановски е роден во Скопје 1922 г. Уште од својата рана младешка возраст ги засакал авионите и едрилиците. Поради таквата своја љубов и сон за освојување на небеските височини, во 1939 г. се зачленил во аероклубот во Скопје и започнал да лета со воздухопловни  едрилици, а подоцна продолжил и на пилотски курс за авиони, во истиот аероклуб.  И јас паметам кога разговарав со мајор Васко Ивановски, кој се сеќаваше на своите почетоци во аероклубот во Скопје, кога се обучувал и летал на едрилиците од типовите „Цеглинг“, „Рода“ и „Чавка“ а подоцна и на авиони од типот „Поликарпов По-2“, УТ – 2“ и др. Со таквите свои активности тој достигнал ниво на пилот во некогашното Кралско, а подоцна и воено воздухопловство на СФР Југославија. Своите почетоци во военото воздухопловство ги бележи веднаш по завршување на гимназиското образование, непосредното пред започнување на Втората светска војната, со заминување на школување во тогашната подофицерска пилотска школа во Рајловец (Србија). Таму, пред крајот на подофицерската школа, во текот на 1941 г., бил затечен од шестоаприлскиот напад на фашистичка Германија врз тогашната Кралска југословенска држава. Во недостаток на обучени и искусни пилоти во тогашната држава, Васко Ивановски, како напреден воен подофицер во пилотката школа, на почетокот на 1944 г. бил испратен на забрзан напреден пилотски курс во тогашниот Советски Сојуз. Таму, под надзор на руски инструктори, тој се обучувал на воени авиони - ловци од типот „ЈАК 1“, кои биле соодветно воено моќни како и германските ловци од типот „Месершмит 109“. Завршувајќи ја успешно и оваа обука, поручникот пилот - ловец Ивановски, во мешовит воздухопловен полк, заедно со руски пилоти, директно се вратил во завршните воени дејствија на тогашниот југословенски простор, со директно учество на пробивањето на Сремскиот Фронт, на 12 април 1945 г.
Полетале уште во раните утрински часови кон сремската рамнина (Војводина – Србија). Тоа била третата ескадрила со која раководел шпанскиот борец Франц Крижај. Напред летале ловците од типот

„Ил 2“, во одделение од 4 авиони, а по нив и одделение од авионите од типот „Јак 1“. Одделението на авиони од типот „Јак“ го водел рускиот пилот Саљиников, а негов прв придружник бил пилотот - капетан Васко Ивановски. Распоредот на пилотите бил направен по принципот еден наш, па по него еден руски пилот, и така натаму. По доаѓањето на непријателските позиции, први го испразниле својот арсенал авионите од типот „Ил“, а потоа и авионите од типот „Јак“. Биле направени по два такви напада, се сеќаваше Васко. Во налетот, авионите летале и гаѓале со митралезите на височина од 10 – 20 м.,над теренот, а потоа, со „искокнување“ напаѓале со топ на непријателските позиции. Во овие два налети биле уништени сите непријателски авиони и бил „пробиен“ Сремскиот Фронт. Васко, со изрешетани крила на својот авион, успешно се вратил во базата. По завршување на Втората светска војна и почетокот на мирновременскиот развој на тогашното Југословенско воено воздухопловство, Васко Ивановски со максимална посветеност, успешно ја продолжил својата воздухопловна пилотска кариера. Во текот на 1948 г. тој бил прекомандуван на работа во воздухопловната база во Љубљана (Словенија). На почетокот на педесеттите години од минатиот век тој се стекнува и со наставничко звање така што своите пилотски знаење и вештини ги пренесува и на новите или помлади генерации. Но едновремено тој посветува големо внимание и на својата лична надградба и стручно усовршување на различни типови авиони и во различни држави. Во текот на 1953 г. тој престојувал и во




Лондон - Обединетото Кралство, каде добил обука на авионот „Бристол – Бленхем“.
Во својата кариера Ивановски летал на голем број различни типови авиони и едрилиците., а поширока е лепезата на запишани типови на авиони во неговата летачка книшка. Од нив, позначајни се авионите од типовите: „Јаковљев, Јак – 3“, „Месершмит МЕ – 109“, „Бикер Јунгмастер“, „Харвард“ “Бристол – Бленхем“ и др. За својата пилотска активност одликуван е со голем број ордени, медали и признанија, меѓу кои и од тогашниот претседател на СФРЈ, Јосип Броз – Тито, а бил гостин и на многу врвни политички раководители на некогашната држава.
Мајорот Васко Ивановски, својата пилотска кариера ја заврши кон средината на шеесеттите години, од минатиот век, како активен пилот - наставник во Воздухопловната воена академија во Задар (Хрватска).
По пензионирањето се врати во Скопје, во местото во кое ја започна својата воздухопловна кариера. Се врати токму во скопскиот аероклуб каде секојдневно го наоѓаше своето прибежиште. Местото каде можеше да ги сподели своите сеќавања и искуства со новите генерации идни пилоти во цивилното или воеsuccessfully воздухопловство. Покрај тоа, почитуваниот мајор Васко Ивановски имавме можности да го чуеме и како извонреден глас – баритон, пеејќи евергрини од сите жанрови и генерации.
На крајот, би рекол, мајор Васко Ивановски остана во нашите сеќавања и сеќавањата на многу генерации пилоти како извонреден педагог, пилот – ловец, пријател за секоја пригода и своевиден боем.

Ѓорги Чачкиров

Авионот „Јак 1“ бил еден од најуспешните борбени авиони во тој период. Бил проектиран во конструктивното биро „Јаковљев“, во поранешниот Советски Сојуз (СССР), денешна Руска Федерација. Првиот негов прототип е направен на почетокот на 1941 г., а во текот на неговото производство направени се 8.734 примероци, во повеќе варијанти. Авионот бил едносед, со релативно мала маса, изработен со мешани материјали на конструкцијата каде крилото било изработено од дрво а трупот од метал. Го движел мотор од типот ВК-105 ПА, кој овозможувал достигнување на 472 км/час, максимална брзина во лет. Вооружен бил со еден топ со калибар од 20 мм и два митралеза, од типот ШКАС со калибар 7,62 мм.



# Свечено одбележан Денот на

Припадниците на воздухопловниот ВИНГ (вВИНГ) од составот на Командата за операции (КО), со воена свеченост според армискиот протокол и со целосно придржување на мерките и препораките за спречување на ширењето на вирусот „Ковид-19“, во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец го одбележаа 10 Јуни – Денот на единицата.

На свеченоста присуствуваа министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, командантот на КО и неговиот заменик, генералите Арсоски и Јордев. Во знак за поддршка на нашето членство во НАТО и поддршка на оваа единица, која е директно вклучена во координирање на летовите преку интегрираниот комуникациски систем со НАТО за воздушно патролирање, на свеченоста присуствуваа и амбасадорот и военото аташе на Република Грција, како и шефот на канцеларијата за врски на НАТО.

Командантот на единицата, полковник Стојко Пејовски, во своето обраќање пред стројот го истакна значењето на оваа единица во одбранбениот систем на државата низ изминативе години, од нејзиното формирање, како и за понатамошните очекувања за развој на военото воздухопловството на Армијата која е полноправна членка на НАТО Алијансата.

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, во своето обраќање се осврна на развојот на единицата и на достигнувањата во последните три години на планот на подобрување на условите за работа, како и на полноправното членство во НАТО. „Денешниот ден покажа што значи да се биде членка на НАТО. Тоа значи да ги имате НАТО воздухопловите, во случајов од воздухопловните сили на Грција, да го чуваат и да патролираат на нашето небо, што денес беше одлично совпаѓање со прославата на Денот на Воздухопловниот ВИНГ. Токму на денот кога единицата го слави својот јубилеј, да го имаме денот на којшто се врши овој Air policing. Ова е област во која Северна Македонија ја забележа својата прва целосна интеграција во НАТО структурите“, изјави министерката за одбрана Радмила Шекеринска на свеченоста за одбележување на Денот на Воздухопловниот ВИНГ.

Во рамки на свеченоста се релизираа прелети на воздухоплови од составот на единицата, како и прелет од два авиони „Ф-16“ на грчкото воено воздухопловство, кои го изведуваат редовното воздушно патролирање на НАТО кое започна со нашето полноправно членство. Пред стројот се прочитаа честитки по повод Денот на единицата, а на припадници од единицата кои се истакнале во работата им беа доделени стимулативни мерки, а Баталјонот за воздушно набљудување и јавување беше прогласен за најдобра единица од составот на вВИНГ во изминатата година.





# воздухопловниот ВИНГ











# Транспортен хеликоптер „Ми-38“

„Ми-38“ поседува класичен дизајн и припаѓа во групата на двомоторни транспортни хеликоптери со еден главен носечки ротор. Главниот ротор поседува 6 композитни елиси, а малиот ротор на опашката поседува 4 композитни елиси поставени во Х-форма. Двата ротори се опремени со систем за електронско одмрзнување. За изработка на конструкцијата се користат легури на алуминиум и композитни материјали, додека одредени склопови и делови се изработени од челик и титаниум. Стојнит трап на леталото е тип трицикл.

Во носот на леталото е вграден метеролошки радар и дел од авиониката. Кокпитот на леталото поседува две седишта за екипажот, а контролната табла е современо опремена со еден мал и 5 големи повеќенаменски дисплеи од 12,1 инчи од моделот ТДС-12. Инаку, по потреба, хеликоптерот може да се управува и само со еден пилот, а управувањето се изведува со четвороканални дигитални електрични команди. Напред од левата страна на транспортниот простор на леталото, е вградена една влезна врата со скали (со височина 1,59 m и широчина 0.82 m), а на крајниот дел една помала помошна врата за инти случаи. Додека напред од десната предна страна на конструкцијата, е вградена една поголема (транспортна) врата на лизгање (со височина 1,66 m и широчина 1.43 m), а на крајниот дел една помала помошна врата за инти случаи. Секоја бочна страна од транспортниот дел е опремена со 5 прозори. На крајот од транспортниот оддел, е вградена автоматизирана товарна рампа (со височина 1,84 m и широчина 2.34 m), која овозможува брз утовар/ истовар на роба. Кабинскиот транспортен простор на леталото е доста простран со вкупно 16 m², односно 29,5 m³ и ги поседува следните димензии: должина 7 m, широчина 2,36 m и височина 1,84 m. Внатрешно леталото може да понесе товар од 6 тони, додека надворешно на кука може да подигне товар од 7 тони. Во зависност од верзијата зависи и бројот на седишта во леталото, односно патничката верзија, покрај двочлениот екипаж, може да понесе и 30 патници, а верзијата за медицинска евакуација се опремува со 8 лежалки или 12 седишта за повредени лица, плус 3 медицински лица. На средина од транспортната кабина на подот има отвор кој овозможува исфрлување на тактички товар. Овој отвор може да се замени со прозорец или камери и други сензори наменети за извидување и набљудување.

Леталото поседува 6 резервоари за гориво кои се заштитени од палење, а распоредени се под патосот на товарниот простор и нивниот вкупен капацитет изнесува 3.942 литри. Но, по потреба, надворешно може да се постават дополнителни резервоари за гориво. Инаку, секој од моторите е опремен со независен систем за дистрибуција на гориво. По потреба, на бочните страни од леталото може да се постават вкупно 8 пловки на автоматско надувување, наменети за принудно слетување на вода. Исто така по барање на корисникот на бочните страни од леталото може да се постави чекрк-дигалка за извлекување со кука модел SLG-300, кој поседува носивост од 300 kg. Во леталото е вграден интегрираниот воздушен комплекс ИБКО-38, во кој се вклучени: менаџмент системот за летање и навигација (Глонасс/ GPS), систем за контрола на податоците, системот за тестирање и контрола БСК-38, опрема за итни случаи, различна радио комуникациска опрема, индикатори за итни случаи и резервни индикатори на авиониката и друго. Воедно, овој систем може да се конектира со монитори, видеокамера, систем за набљудување или електронски оптички системи. Како погон во „Ми-38“ се вградуваат два турбо вратилни мотори ТВ7-117В, секој со моќност од 2.800 кс, но по потреба во инти случаи (при откажување на еден мотор), кратко време може да постигне моќност од 3.750 кс. Контролата на моторите е дигитална, со помош на уредот БАРК-6В. Инаку, вшмукувачите за воздух на моторите поседуваат заштитни филти, а внатрешно е вграден и независен систем за електронско одмрзнување на моторите. Доколку моторите немаат подмачкување (масло), можат безбедно да функционираат уште 30 минути. Во леталото е вградена трансмисијата модел БП-38. За стартување на моторите ТВ7-117В се користи стартен помошен погон, односно едноосовинската гасна турбина ТА14-038. Оваа гасна турбина се користии за напојување на електрониката и за греење на кабинскиот простор, кога главните мотори се исклучени. Максималната континуирана работа на ТА14-038 изнесува 5 часа, а стартување може да направи при температури од -50°C до +45°C.

До сега од хеликоптерот се развиени следните верзии: транспортна, патничка, за медицинска евакуација, за пребарување и спасување и ВИП транспортна верзија.

Ивица Дамески






**Објаснување на пресек-сликата**

1. Метеоролошки радар
2. Кокпит
3. Преден стоен трап
4. Врата со скалила
5. Транспортна кабина
6. Помошен погонски уред (агрегат)
7. Главен редуктор
8. Глава на главниот редуктор
9. Елиса на главниот редуктор
10. Главен погон
11. Чекрк- дигалка за извлекување
12. Заден стоен трап
13. Рампа за брзо товарење/ истоварување






14. Конструкција на конусот од опашката
15. Движечко вратило на роторот од опашката
16. Хоризонтален стабилизатор
17. Конструкција на вертикалниот стабилизатор
18. Меѓуредуктор
19. Елиса на роторот од опашката
20. Конструкција за заштита на роторот од опашката при грубо слетување
21. Глава на роторот од опашката

| ТАКТИЧКО- ТЕХНИЧКИ КАРАТЕРИСТИКИ НА „МИ-38“ | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 1-2 лица + макс. 30 патници |
| ДОЛЖИНА НА ТРУПОТ | 20.282 mm |
| ДИЈАМЕТАР НА РОТОРОТ | 21.100 mm |
| МАКСИМАЛНА ДОЛЖИНА СО РОТОРИ | 25.000 mm |
| ВИСОЧИНА ДО ГЛАВАТА НА ГЛАВНИОТ РОТОР | 5.097 mm |
| МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА | 6.992 mm |
| ШИРОЧИНА СО СТОЕН ТРАП | 4.500 mm |
| ТЕЖИНА, ПРАЗЕН | 8.300 kg |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА | 15.600 kg |
| ВНАТРЕШНА НОСИВОСТ | 6.000 kg |
| НАДВОРЕШНА НОСИВОСТ | 7.000 kg |
| ПОГОН | 2 x ТВ7-117В, секој со моќност од 2.800 кс (но по желба на корисникот може да се вгради моторот PW 127/TS) |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 300 km/h |
| КРСТОСУВАЧКА БРЗИНА | 285 km/h |
| ПЛАФОН НА ЛЕТАЊЕ | 5.900 m |
| ПЛАФОН НА ЛЕБДЕЊЕ | 3.750 m |
| ДОЛЕТ | 990 km |
| ДОЛЕТ СО ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕЗЕРВОАРИ И ТОВАР ОД 2.700 KG | 1.200 km |



# Авион „Tupolev Tu-95“

Андреј Николаевич Туполев (1888–1972) бил советски дизајнер на авиони. Во текот на неговата кариера тој дизајнирал и го надгледувал дизајнот на повеќе од 100 типови на авиони. Како признание на неговата работа бил прогласен за почесен член на Кралското воздухопловно друштво на Велика Британија и на Американскиот институт за аеронаутика. Бил одликуван и во сопствената земја како академик на Руската академија на науките (1953), генерал-полковник (1968) и три пати херој на социјалистичкиот труд (1945, 1957, 1972). Туполев бил водечки дизајнер во Москва од 1929 година, па сè до неговата смрт во 1972 година. Наследникот на Туполев, синот на Андреј Туполев, познат како Алексеј Андреевиќ Туполев, исто така бил познат дизајнер на авиони. Неговиот најпознат дизајн е суперсоничниот авион „Ту-144“. Ја водел компанијата „Туполев“ сè до неговата смрт во 2001 година.

„Туполев“ е руска воздухопловна и одбранбена компанија со седиште во Москва. Била основана во 1922 година, со капацитети приспособени само за истражување во областа на аеронаутиката и дизајнирањето авиони. Дизајнерот Туполев ги истражувал сите метални авиони врз основа на пионерската работа што веќе ја направил Хуго Јанкерс за време на Првата светска војна. Руската влада направила огромно спојување на „Туполев“ со добро познатите воздухопловно-космички компании: „Mikoyan“, „Ilyushin“, „Irkut“, „Sukhoi“ и „Yakovlev“ во новоформирана компанија „United Aircraft Corporation“. Можностите на компанијата „Туполев“ вклучуваат развој, производство и ремонт за цивилни и воени воздушни модели, како што се авиони и системи за вооружување. Исто така, е активна на полето со ракетни и поморски авијациски технологии. За илустрација, повеќе од 18.000 авиони од „Туполев“ биле произведени за бившиот СССР и за Источниот блок.

Авионот „Туполев Ту-95“ (НАТО име за известување: „Bear“ / „Мечка“) е голем стратешки воздухоплов опремен за нуклеарно војување. Првиот лет го има направено во текот на 1952 година, а во оперативна употреба во Советскиот Сојуз бил воведен во 1956 година. Ова е авион за кој се очекува и понатаму да остане оперативен во руските воздухопловни сили, најмалку до 2040 година, односно повеќе од 80 години во активна улога на штитење на воздушниот простор и интересите на Советскиот Сојуз и Русија. Тој е единствениот стратешки бомбардер изграден во голем број, со четири мотори со пропелери и еден од најгласните воени авиони, особено затоа што врвовите на лопатките од моторот се движат побрзо од брзината на звукот. Компанијата се соочила со избор на соодветен вид мотори. Клипните мотори (Kuznetsov) се покажале дека не се доволно моќни за толку голем авион. Турбоелисните мотори биле помоќни од клипните, со подобар опсег и постигнување најголема брзина во тоа време. Првично овие мотори исто така биле избрани за конкурентот на „Ту-95“, американскиот

авион „Boeing B-52 Stratofortress“, со цел да го исполнат условот за долг дострел. Моторите напредни за своето време биле дизајнирани од германски тим инженери на авионите „Јункерс“, кои биле поранешни затвореници. Авионот има карактеристични закривени крила кои се поставени под агол од 35 степени. Во текот на постапката за анализа на оперативните барања, две биле основни, и тоа: предложениот бомбардер морал да има борбен радиус од 8.200 километри (што значи доволно растојание за да се закани на клучните цели во Соединетите Држави) и можност за носивост со капацитет од 11.000 килограми. По успешната фаза на тестирање на летовите, сериското производство на „Ту-95“ започнало во јануари 1956 година. Тој бил модифициран за да изврши широк спектар на задачи, како што се распоредување крстаречки ракети, изведување поморска патрола (варијантата „Ту-142“), па дури и како цивилен авион (варијантата „Ту -114“). Карактеристичен авион од времето на Студената војна, „Ту-95“, служел не само како платформа за оружје, туку и како симбол на советскиот, а подоцна и на рускиот национален престиж. Особено варијантата „Ту-95РТ“ била вистинска икона на Студената војна, затоа што со овој авион се реализирале поморскиот надзор и мисијата за таргетирање на други авиони, површински бродови и подморници. Со помош на радарската антена се вршело пребарување и откривање на површинските бродови. Серија нуклеарни тестови на површина биле спроведени од Советскиот Сојуз во раните 60-ти години од минатиот век. На 30 октомври 1961 година, модифициран „Ту-95“ носел и испуштил бомба (Tsar Bomba), кој била најмоќната термонуклеарна направа дотогаш детонирана. Видеоснимките од тој тест постојат, бидејќи настанот е снимен за цели на документација со специјално адаптираниот авион „Ту-95V“.
На 17 август 2007 година, рускиот претседател Владимир Путин објавил дека Русија ги обновува стратешките авионски летови запрени во 1991 година, истовремено испраќајќи ги своите бомбардери на патроли со долг дострел. Во текот на 2010 година, двата стратешки бомбардери „Ту-95МС“ поставиле светски рекорд за лет без прекин, кога поминале повеќе од 43 часа во воздух. Бомбардерите летале преку Атлантикот, Арктикот, Пацифичкиот Океан и Јапонското Море, опфаќајќи повеќе од 30.000 поминати километри со четири пати полнење гориво во воздух во текот



Авионот „Туполев Ту-95“ (НАТО име за известување: „Bear“ / „Мечка“) е голем стратешки воздухоплов опремен за нуклеарно војување. Првиот лет го има направено во текот на 1952 година, а во оперативна употреба во Советскиот Сојуз бил воведен во 1956 година. Ова е авион за кој се очекува да остане и понатаму оперативен во руските воздухопловни сили, најмалку до 2040 година

на долгиот лет. Главната задача била да се проверат перформансите на авионите за време на толку долг лет, особено следење на моторите и на другите системи.
После надградбата на авионите на почетокот на 2015 година, воздушните сили на Русија ги добиле првите примероци на голем број модернизирани стратешки бомбардери како што е варијантата „Ту-95МС“. Подобрувањата на бомбардерот се однесуваат особено на електронското вооружување, системите за таргетирање со стелт крстаречки ракети, зголемен опсег на лет, како и намалена бучава и вибрации. Покрај тоа, модернизираниот авион „Ту-95МС“ може да користи радиорадарска опрема и систем за таргетирање со навигација, заснован врз основа на руската сателитска навигација GLONASS (GLObal NAvigation Satellite System). На 17 ноември 2016 година, модернизираните стратешки бомбардери „Ту-95МС“ го извршиле првото борбено распоредување, лансирајќи крстаречки ракети на неколку милитантни позиции во Сирија. Од друга страна, ловците на НАТО честопати се праќаат да ги пресретнат и да ги придружуваат авионите „Ту-95“ на блиско растојание едни со други, бидејќи „Ту-95“ ги извршува своите мисии по периферијата на воздушниот простор на НАТО.
Покомплексната модернизација на бомбардерите познати под варијантата „Ту-95МСМ“, во моментов е во фаза на изработка од „Туполев“, според договорот издаден од руското Министерство за одбрана. Оваа модернизација треба да вклучи инсталација на нов радар, инсталација на системот за прикажување информации и ставање нови надградени мотори.

Драган Павловски

| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ | |
|---|---|
| ПОСАДА | 6-7 члена (пилот, копилот, инженер, оператори за комуникации, навигација и вооружување) |
| ДОЛЖИНА | 46.2 метри |
| ВИСОЧИНА | 12.12 метри |
| ТЕЖИНА НА ПРАЗЕН АВИОН | 94.400 килограми |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 188.000 килограми |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 830 км/час |
| МАКСИМАЛЕН ДОЛЕТ | 15000 километар |
| ПЛАФОН НА ЛЕТ | 13.716 метри |



# „Sherpa“ – лесно возило за специјални сили (Light Special Forces Vehicle)

„Sherpa Light“ е лесно теренско возило на тркала 4х4, наменето за мисиите на единиците на специјалните сили. Станува збор за едно од возилата од фамилијата „Sherpa Light family 4×4“ тактички и лесни оклопни возила кои се дизајнирани и произведени од страна на француската компанија „Renault Trucks Defense - RTD“, кои подоцна ги произведува „ARQUUS“

Лесното возило за специјални сили „Sherpa“ е дизајнирано за спроведување на патроли од подолг дострел, како и за мисии за собирање на разузнавачки информации со подобра подвижност на теренот.

Компанијата „Renault Trucks Defense – (RTD)“ доби договор од француската Агенција за набавки во одбраната „Direction Generale de l'Armament - (DGA)“ за производство и испорака на 241 лесни патролни возила, заедно со уште 202 тешки оклопни возила, разузнавачка и комуникациска опрема за специјалните сили на Франција, во декември 2015 година, додека испораката на првата серија на лесни возила започна во 2018 година. Се очекува овие возила да ги заменат возилата „Panhard VPS“ и „ACMAT“ лесните тактички возила кои во моментов се на служба во француските специјални единици.

Лесното возило за специјални сили „Sherpa Light“ долго е 5,5 м, широко 2,5 м и високо 2,2 м, а растојанието помеѓу оските изнесува 4,1 м. Се одликува со оклопно тело со отворен кров „open-topp“ и може да се транспортира со транспортни авиони од типот A400M и C-130. Возилото има капацитет за 5 лица, опремено е со две странични врати и со една задна врата за брз влез и излез на трупите. Оклопната кабина има преклопно ветробранско стакло. Со бруто-тежина на возилото од 10,4 тони (gross vehicle weight – GVW), тоа може да биде опремено и на него опционално да биде инсталирана најразлична опрема, како што се комплети на заштита, муниција, резервни делови, електрично витло (чекрк) за влечење и специјална опрема. Стандардната опрема вклучува системи за климатизација и греење.

Лесното тактичко возило може да биде вооружено со митралези 7,62 мм или 12,7 мм, монтирани на носечки прстен, притоа нудејќи можност за отворање оган



против оклопни цели 360°. Кровот може да биде опремен и со топ 20 мм поставен на носач (pintle mount), изграден од страна на „Nexter Systems“, наменет за самозаштита и неутрализирање на заканите. Возилото на специјалните сили „Sherpa Light“ може да биде опремено и со противтенковски и противвоздушен лансер на ракети. Оклопната кабина нуди балистичка заштита на персоналот. Заштитните карактеристики на возилото вклучуваат систем за ласерска детекција, попречувач на радиоконтролирани импровизирани експлозивни направи (radio-controlled improvised explosive device - RCIED) „jammer“, комплети за заштита од мини/ IED, оклопни капаци, секачи на кабли, фрлачи на димни гранати и заштита против (RPG - rocket-propelled grenade). Возилото има модуларна и скалабилна заштита во согласност со CEN 1063 и STANAG 4569. Исто така, има противминска заштита и заштита од IED според STANAG 4569. Лесното тактичко возило може да биде опремено и со систем за управување со борба (BMS), UHF / VHF / HF радиоврски, интерком, снајперски акустичен детектор и глобален систем за позиционирање (GPS).
Лесното тактичко возило „Sherpa Light“ е придвижувано од четирицилиндричен „Renault MD5 “ дизел-мотор кој генерира моќност од 215/265hp и развива потисок од 800Nm при 1,200-1,700 rpm. Дизајниран за исполнување на стандардот Euro 3/5, моторот е опремен со автоматски менувач со шест степени на пренос и една за назад. Електричната енергија се генерира од алтернаторот 100A или 310A.
Возилото „Sherpa Light“ за специјалните сили е опремено со четири диск сопирачки, хидрауличен серво управувач и гуми од типот 13R22.5 или 335/80 R20 со „run-flat“ инсерти. Исто така, може да вклучува и централен систем за регулација на притисокот во гумите (central-tire inflation system -CTIS) за зголемување на подвижноста на терените надвор од патот.
Лесното тактичко возило има капацитет на резервоарот од 170 литри. Максималната брзина на патот достигнува до 110 km/h. Автономијата на опсег е максимум 800 km. Возилото „Sherpa Light“ има многу добра теренска подвижност. Може да совладува вертикални пречки од 0,5 м, да совладува ровови со должина од 0,6 м и може да совладува водени препреки до 0,75 метри. Со „ground clearance“ од 0,6 м возилото лесно може да минува и да ги совладува теренските површини надвор од патот.

„Sherpa Light“ обезбедува бројни армии и полициски сили во Франција и во неколку НАТО земји, како и во земји од Блискиот Исток, Азија и Латинска Америка.
Фамилијата на возила „Sherpa Light“ се состои од различни верзии приспособени на нивните профили на употреба:
Воени возила: извидувачки, патролни,



„Sherpa Light“ е комплетно семејство на лесни тактички возила кои ја делат истата 4x4 шасија, специјално дизајнирана за воени потреби која нуди високи перформанси во однос на подвижноста, заштитата и товарот (корисното оптоварување)

командување и врски, специјални сили, носачи на системи на вооружување, транспорт на трупи, предна логистика, амбулантни.
Возила за внатрешна безбедност: полиција, национална гарда, интервентни единици, контратероризам, гранични.
Лесните возила „Sherpa Light“ се развиени во повеќе конфигурации и сите ја делат истата шасија 4x4. Може да се понудат со оклопно тело, системи на вооружување, јуришни (напаѓачки) скали, амбулантни возила и многу други конфигурации. Оваа модуларност овозможува одговор на посебните побарувања на вооружените сили или на внатрешните безбедносни сили за чување и спроведување на мирот, па сè до борбени мисии на сите видови терен. Постојат различни верзии со заедничка шасија (со споделување на 95 % заеднички компоненти), приспособена за воена употреба или за внатрешна безбедност, голема корисна носивост (товар) и внатрешна зафатнина. Има способност за носење на повеќе митралези и топовски системи до 30 мм, фрлачи на ракети, минофрлачи, надзорни системи и јуришни скали.
Оператори на лесните тактички возила „Sherpa Light“ се следните земји: Австралија, Бразил, Чиле, Египет, Франција, Индија, Индонезија, Кувајт, Либан, Мексико, Катар и Саудиска Арабија.
Компанијата „ARQUUS“ работи на понатамошен развој на овие оклопни возила со зголемени димензии и носивост.

Идриз Идризоски

| **СПЕЦИФИКАЦИИ:** | |
|---|---|
| ПРОИЗВОДИТЕЛ | „Arquus“ |
| БРУТО-ТЕЖИНА | 11 тони |
| ДОЛЖИНА | 5,5 метри |
| ШИРОЧИНА | 2,5 метри |
| ВИСОЧИНА | 2,2 метри |
| GROUND CLEARANCE | 0,41 м |
| ПОСАДА | 5 лица |
| МОТОР | „Renault MD-5 Diesel,4 cylinders High pressure Common rail injection |
| АВТОНОМИЈА НА ОПСЕГ | 800-1000 km |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 110 km/h |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | од 60% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 40% |
| СОВЛАДУВАЊЕ ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 0,9 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА РОВ | 0,4 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 0,75 м |




# Носач за повредени

## Алатка за лесно извлекување на повредени

Се случува некој да биде повреден и да не може да оди, а единствената личност со него да биде оставена со една од две можности: да остане со повредениот и да се надева дека некој ќе ги најде и двајцата или да го остави повредениот сам и да оди да побара помош. Ниту една од овие две можности не е добро решение. Но, сега, има подобро решение – носач за повредени на компанијата „Агилајт“

Носачот на повредени е брилијантно, но едноставно решение за многу реален проблем – како да се извлече повреден на безбедно. Иако носачот на повредени бил развиен за војската, тој би можел да биде вистински спасител за секој што може да се најде во ситуација во итен случај да пренесе повредено, инвалидно или повозрасно лице.
Носачот на повредени е создаден за да го замени носењето на плеќи и да му овозможи на воениот персонал да носи повредена личност на најефикасен начин: во стил на ранец. Тој му овозможува на носителот да евакуира повреден на голема оддалеченост, додека двете раце му се потполно слободни да управува со оружје или да се движи на тежок терен.
Компанијата „Агилајт“ е водечки производител на тактичка опрема со седиште во Израел и е заедничко вложување помеѓу неколку ветерани на израелските и американските армиски специјалци. „Агилајт“ произведува широк спектар на врвни тактички уреди дизајнирани во Израел кои се изработуваат и во САД и во Израел. Носачот на повредени е дизајниран во соработка со специјалните сили на израелската армија. Во моментов тој се користи од елитните воени единици и единиците за спроведување на законот во над 20 земји, како и од тимовите за пребарување и спасување во САД, во Канада и во Азија. Командата за специјални операции на Маринскиот корпус на САД беше меѓу првите што го набавија носачот на повредени. Носачот, исто така, се употребува во 101. воздухопловно-десантна дивизија на американската армија и од страна на британските специјални сили. Усвоен е и од австралиските одбранбени сили, како и од специјалните единици на израелската армија и морнарица. Носачот на повредени, исто така се користи и од многу SWAT тимови, вклучувајќи го YAMAM, елитна единица за борба против тероризмот во рамките на граничната полиција на Израел. Ова се сериозни корисници и кај нив нема импровизации. Според

Ели Исаксон, израелски ветеран на специјалните сили, кој е директор за стратешки развој во „Агилајт“, една средба со SWAT тимот на Сан Антонио го навело „Агилајт“ да го заврши производството на носачот на повредени. Кога тимот го видел носачот на повредени, тие прашале што е тоа. Кога им го објаснил концептот, тимот апсолутно го сакал, па „Агилајт“ донел одлука да започне со неговото производство. Компанијата „Агилајт“ добила и многу нарачки од цивили, од кои многумина го користат носачот на повредени за намени за кои компанијата никогаш не ги замислувала. На пример, носачот им дава нова мобилност на лицата со посебни потреби. Кога носачот на повредени го купувале поединци низ целиот свет, компанијата не била целосно сигурна зошто е тоа така, па им испратиле е-пошта на нивните клиенти, прашувајќи зошто го купиле и биле зачудени од резултатите. Од квадроплептичари до данска тинејџерка што го користи за да го носи својот епилептичен пријател кога ќе претрпи напад, компанијата сфатила дека во многу случаи цивилни старатели го купувале за да им го олеснат животот на лицата со инвалидитет. Носачот на повредени исто така се користи за да им се овозможи на хендикепираните лица да уживаат во поголемо ниво на активност на отворено. Се користи за да се земат деца со посебни потреби за да пешачат за прв пат. Исто така, им овозможува на луѓето полесно да се симнат од скалите и скалите во базените и така натаму.
Иако носачот на повредени е дизајниран за да спасува животи во ситуации на живот или смрт, тој исто така може да го подобри и квалитетот на животот на лицата со инвалидитет. Тој, исто така, обезбедува можност за евакуација на стари лица од пожар во старечки дом или во болница кога лифтовите не се користат. Иако примарниот фокус на „Агилајт“ е воениот, полицискиот и спасувачкиот персонал, компанијата со задоволство го приспособила и го дизајнирала специјално за лицата со инвалидитет. Носачот, исто така, во една прилика бил тестиран во едно локалното средно училиште за да се тестира неговата ефикасност. Учениците, носејќи се едни со други, лесно поминувале една милја. Носачот не само што функционирал совршено за носење на повредено лице, туку било утврдено дека би бил одличен како опрема за вежбање. Носачот на повредени своите корени ги има во импровизираната техника за носење на терен, користена од израелските одбранбени сили, во која се поврзуваат четири ремени од пушки за да им се овозможи на војниците да носат повредени другари, како што би носеле ранец. Слична е на техниката со ремен за носење пиштол на американските војници, која користи ремен направен со спојување на два ремени за носење на пиштоли, или кој било друг материјал како што се ремени од пушка, разни ленти или појаки завои, врзани во една голема јамка. Овие техники се дизајнирани да му овозможат на војникот да носи повреден на поголеми растојанија

Носачот на повредени своите корени ги има во импровизираната техника за носење на терен, користена од израелските одбранбени сили, во која се поврзуваат четири ремени од пушки за да им се овозможи на војниците да носат повредени другари, како што би носеле ранец





додека двете раце му се слободни. Овие се поудобни и поефективни средства за носење отколку носењето на традиционалниот начин на плеќи во кој повредениот во суштина е навален преку плеќите на носителот. Израелската армија сакала подобар, наменски направен, без употреба на раце, метод за евакуација на повреден војник, за да го замени носењето на плеќи и да им овозможи на војниците да ги држат двете раце на оружјето. Секој што некогаш носел или бил носен на плеќи, знае дека е неверојатно непријатно и неефикасно. Агилајт го презеде основниот концепт со употреба на ремените од пушки, го подобри, со додавање на подлога на ременот и други карактеристики, вклучувајќи ја и можноста за прилагодување на должината, лента во висина на градите за дополнителна стабилност и флуоресцентен индикатор за ориентација. Резултатот беше носачот за повредени. Тој претставува огромно подобрување во однос на техниките на ремените за пушка или ремените за носење на пиштол, бидејќи тој овозможува да се носи повреден многу полесно, побезбедно и на подолги растојанија. Толку е едноставно, што можеби се прашувате зошто никој порано не размислувал за тоа. Носачот е најудобното средство коешто е достапно денес на пазарот, како за носителот така и за носениот. Тој овозможува целосна слобода на движење, при што повредениот се чува безбедно на грб и овозможува целосна употреба и на рацете и на нозете. Тоа е единствениот метод што овозможува да се задржат обете раце слободни, клучна карактеристика во секое сценарио за спасување.

Овој единечен уред за носење е исклучително добро изработен. Направен е од најлон според воени спецификации од типот 8Б, широк 5 сантиметри, со висок степен на затегнување и со делови изработени од полимер. Носачот се шие во



до препоните. Се затвораат двете ленти за нозе околу нозете на повредениот и се протнува под грбот на повредениот. Се повлекува секоја страна од прицврстувачот околу телото за да се направат ленти за рамената. Носителот треба да седне меѓу нозете на повредениот, ги става рацете низ лентите за рамената и ги приспособува како лентите од ранец, а потоа ја закопчува градната лента. Потоа ја фаќа раката или зглобот на повредената страна и се превртува кон неповредената страна на повредениот, додека не застане на сите четири, потоа се пренесува тежината на нозете и се исправа. Рачно пренесување од едно и од две лица се применува за да се пренесат повредени кога не е можно да се направат носилки или нема други кои ќе помогнат при пренесувањето на повредениот. Обично повредените не треба да бидат преместени пред давање на итна помош, освен ако не е потребно да се извлече повредениот од опасна ситуација. Двостраното рачно носење, кое се

Иако носачот на повредени е дизајниран за да спасува животи во ситуации на живот или смрт, тој, исто така, може да го подобри и квалитетот на животот на лицата со инвалидитет. Исто така, обезбедува можност за евакуација на стари лица од пожар во старечки дом или во болница кога лифтовите не се користат

Делавер, во истата компанија која ги прави прицврстувачите за авионите „Боинг В-22“ и „Локхид Ц-5 Галакси“. Стандардните расположиви бои се црна, кафена и зелена. Другите бои се достапни по специјална нарачка. Носачот е лесен и компактен, така што лесно се пакува. Должината изнесува 3,81 метар, се склопува во вид на хармоника со должина од само 25 сантиметри, а тежи околу 350 грама. Носачот на повредени е лесен за употреба. Повредениот се поставува во позиција со кренати колена. Носачот се поставува под колената на телото со флуоросцентниот индикатор

претпочита, често не е можно, па носачот на повредени во овој поглед е извонреден.

Севкупно, тој е одличен производ кој решава многу реален проблем. Овој производ е задолжителен не само за војската, за полицијата и за службите за спасување, туку и за старателите на инвалиди, за ловците, за планинарите, за камперите и за секој кој ужива во природа на отворено. Малопродажната цена изнесува 95 американски долари и има доживотна гаранција.

Александар Стојчевски





# „Trajan“ 155 мм Совршен спој на „Caesar“ и „TRF1“

TRAJAN“ 155 мм е влечен топ произведен од „Nexter“ (поранешна „Giat индустрија“) и првично е проект-производ на француската воена индустрија. Основата за развој на ова орудие е топот на системот „Caesar“ („Цезар“), кој веќе се докажа како доверливо орудие во сите досегашни ангажмани ширум светот. Во септември 2011 година „Nexter Systems“ од Р.Франција и „Larsen & Toubro Limited“ (L&T) од Индија потпишуваат договор за соработка во кој водечки партнер за развој на проектот „Trajan“ 155 мм е „Nexter Systems“ од Р.Франција. Со договорот „Larsen & Toubro Limited“ (L&T) се обврзала да ги произведе критичните потсистеми на орудието за потребите на вооружените сили на Индија. Првенствено ова орудие се одликува со огнена моќ и прецизност и е во состојба да им даде огнена поддршка на сите механизирани и оклопни единици. Орудието е опслужувано од шестчлена послуга на која ѝ е значително олеснета работата, со оглед на фактот што ова орудие има дополнителни системи кои ја олеснуваат работата при запоседнување на позиции, нишанење и заземање на елементи за гаѓање, гаѓање и напуштање на огнената позиција. Склоповите на „Trajan“ 155 мм целосно се придвижувани од хидраулични системи. Како резервна варијанта, овој топ, во случај на нефункционирање на хидрауликата, поседува и паралелни контроли и механизми за рачно движење на цевката и на останатите склопови на топот. Затворениот хидрауличен систем е со варијабилни вредности на притисокот, во зависност од склоповите, и е во рамките од 50 до 150 бари. Орудието поседува вграден мотор за придвижување со кој се овозможува, по доаѓањето на огнената позиција, а со оглед на тежината, да може да се придвижи во помал радиус на движење до точната позиција на орудието.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „TRAJAN“ 155 мм | |
|---|---|
| КАЛИБАР НА ЦЕВКАТА | 155 мм |
| НАЧИН НА ПОЛНЕЊЕ | Полуавтоматски |
| ДОСТРЕЛ | 4,5 до 42 km (со проектил ERFB)<br>55 km (со проектили со дополнителни полнења на основа на ракетна муниција)<br>2 km (при непосредно гаѓање) |
| ТЕЖИНА | 14 000 kg |
| ДОЛЖИНА | 11 м |
| ШИРИНА | 3 |
| ВИСИНА | 2,5 м |
| ПОСЛУГА | 6 (1 командир и 5 послужители) |
| КЛИРЕНС | 0,3 м |
| ХОРИЗОНТАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | 34 степени |
| ВЕРТИКАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | од - 2 степени до +73 степени |
| РЕЖИМ НА СТРЕЛБА | 3 проектили за помалку од 30 секунди<br>12 проектили за помалку од 3 минути |
| ПОТРЕБНО ВРЕМЕ ЗА ПОДГОТОВКА ЗА СТРЕЛБА И ВРЕМЕ ЗА НАПУШТАЊЕ НА ОГНЕНАТА ПОЗИЦИЈА | помалку од 90 секунди |
| СОВЛАДУВА СТРМНИНИ | 40 степени |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ СО ВГРАДЕНИОТ МОТОР ЗА АВТОНОМНО ПРИДВИЖУВАЊЕ НА ОРУДИЕТО | 10 km/h |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ НА ДОБРИ ПАТИШТА | 80 km/h |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ НА ЗЕМЈЕНИ ПАТИШТА – ТЕРЕНСКИ УСЛОВИ | 30 km/h |



# Верски радикализам и тероризам

Иако заканата од секаков вид на насилство, а особено од тероризмот, е длабоко вкоренета во граѓанската свест, таа не е производ само на рапидните глобални промени на почетокот од новиот милениум и примената на нова безбедносна политика, ами е резултат и на културните, социјалните и историски процеси во земјите од Блискиот Исток, Африка и Азија, како и во земјите кои се во културно-економска интеракција со Европа и земјите од т.н. Западен свет. Меѓу останатите закани, вклучително и оние предизвикани од климатските промени, тероризмот, инспириран од верски радикализам е меѓу често спомнуваните термини во денешното секојдневие. Притоа, потребно е да се нагласи дека не сите верски радикалисти се терористи, како што ниту сите терористи имаат верска мотивација при подготовката и извршувањето на терористичкиот чин. Воедно, за да се разбере есенцијата на верскиот радикализам, важно е да се има предвид и фактот дека тој, како процес, е ориентиран кон следење и толкување на религиозните корени со крајна цел „конечното спојување на религијата и државата според верските догми“. Разликата меѓу верските радикали и терористите, е во тоа што првите не секогаш прибегнуваат кон насилство за да ги постигнат своите цели, иако верскиот радикализам може да биде движечка сила која ќе резултира со терористички активности, како што впрочем и покажа примерот со т.н. Исламска држава.
Општествените науки нудат пет значајни причини кои можат да го објаснат подемот на верскиот радикализам. Прво, како основна причина за







појава на верскиот радикализам се смета влошувањето на економијата, што резултира со невработеност и сиромаштија, како погодна почва за ширење на верската догма (т.н. социоекономски аргумент). Втората причина која се среќава во литературата се културните разлики меѓу Истокот и Западот, а е резултат на различните животни навики и вреднувањето на демократските права и слободи на различните групи граѓани. Како трета причина се смета крајот на Студента војна и политичко-безбедносниот вакуум настанат со распадот на Советскиот блок. За главни причини, исто така, се сметаат, состојбата кога поединец или група на лица станувaат верски редикали во време на културна или општествена криза, со верување дека радикалното толкување и примена на верските догми ќе бидат „поблиску до Бога“, но и крајниот резултат на специфични историски моменти со катализаторски ефект на културните промени.
За време на т.н. „појавата на модерниот тероризам“ во 60-тите и 90-тите години од 20 век, терористичките групи првенствено беа мотивирани од етно-националистички или идеолошки фактори. Меѓутоа, кон самиот крај на 20 век, се забележува промена на мотивираноста кај групи и поединци за извршување терористички акти, кои предоминантно имаат религиозен мотив. Како пример може да послужи Палестинската ослободителна организација (ПЛО), која на почетокот имаше етнонационална и левичарска идеологија која сакаше да обезбеди независна држава за Палестинците. И повеќето други групи што ги претставуваа Палестинците во тоа време исто така беа различни типови на марксистички и националистички организации.
Но, од крајот на 80-тите години, сѐ поголем дел од Палестинците својот идентитет го наоѓаа во религиозната идеологија и организации како Хамас. Воедно, по тој период, до денес, многу од терористичките организации кои претходно имаа левичарска идеологија, за да ја добијат поддршката од Советскиот Сојуз, најчесто го сменија курсот за свое натамошно постоење. Исклучок е талибанската парамилитарна организација, кои до денес остана доследна на својата верска индоктринација.
По падот на комунизмот дојде до ревитализација на религиските слободи, а свештенството почна да зазема значајна улога во социјалните промени на глобално ниво. Користејќи го ваквиот момент, одредени теолошки екстреми станаа контратежа на современиот секуларизам кој го наметна толкувањето за религијата како лично прашање. Така, иако концептуално различни, теологијата и религијата се важни за разбирање на верскиот фундаментализам и тероризам. Но, која е врската помеѓу религијата и теологијата и како тие имаат врска со тероризмот и терористичките организации? Имено, религијата ја дава организациската структура, додека теологијата нормира или легитимира одредени активности. Религијата обезбедува заеднички јазик на различни групи луѓе, давајќи им можност за комуникација со лица кои се подготвени да прифатат одредено верско толкување. На овој начин религијата станува основна организација за ресурси, како што се регрути и пари. За споредба, теологијата оправдува специфични активности што некој член на религијата може инаку да ги доведе под во знак прашање.
На пример, ако одредена религија експлицитно забранува самоубиство, како тогаш екстремисти, кои вршат терористички активности во име на таа религија, ги оправдуваат и вршат самоубиствените напади?
Одговорот лежи во специфичното толкување на религиозните текстови (херменевтика), при што одредени верски лидери развиле сопствена теолошка форма во религиозната рамка, којашто има цел да го оправда екстремизмот во одредена форма. Оттука произлегува дека теолошкото оправдување се користи за надминување на бариерите за екстремно религиозно дејствување, со цел оправдување на каузата на групата која го практикува истото. Несомнено, верската мотивација е моќна идеологија за групите, а во денешно време, само етнонационализмот може да е исто толку ефикасен при мотивирање на тероризмот.
Целта на овој текст е да послужи како вовед во прикажувањето на терористичките организации кои денес претставуваат глобална терористичка закана, да се претстават нивните мотиви, цели и начин на дејствување.

> Терористичките напади на САД од 11 септември 2001 година се сметаат за исклучително важен настан за карактеризирање на меѓународниот тероризам, инспириран од верски радикализам, што го вклучи алармот за будење на јавната свест за реалната закана од тероризам инспириран од верски радикализам

Пецо Трајкоски



# Историја на конфликтите во Израел

Израел е земја која преставува лулка на еврејската цивилизација. Таа го следи потеклото на Абрахам кој бил божји посланик во Израел. Абрахам го уверувал народот дека постои само еден Бог кој претставува и создавател на Универзумот. Исак бил синот на Абрахам, а неговиот внук се викал Јаков. Исак и Јаков во еврејската религија се сметаат за божји посланици и патријарси на Израел. Народот во денешен Израел дели ист јазик и култура кои преставуваат еврејско историско наследство пренесувано преку генерации од времето на Абрахам 1800 г. пред новата ера. Целосното владеење на Евреите во Израел започнува во времето на кралот Јошуа во текот на 1250 г. пр.н.е. Периодот кој следи од 1000-587 г. пр.н.е, во историјата на Израел е познат како „Времето на кралевите".

Израелско-палестинските конфликти датираат од XIX век па наваму. Примарно, овие конфликти се одвиваат поради територијални спорови помеѓу двете земји. После Арапско-израелската војна од 1948 г., целата спорна територија е поделена на три дела: Држава Израел, Западен брег на реката Јордан и Појасот Газа

Еден од позначајните еврејски кралеви е кралот Давид (1010-970 г. пр.н.е), кој го направил Ерусалиум главен град на Израел, а неговиот син Соломон (970-931) г. пр.н.е, прв ја изградил најголемата тврдина во Ерусалиум според необјавени стари еврејски извори. 587г. пр.н.е преставува пресвртна точка во античката историја на Израел и околните региони. Оттогаш овој регион е под владеење и контрола на повеќе тогашни големи империи: Персиската, Грчката, Кралството на Александар III Македонски (Alexander the Great from Macedonia), Романската и Византиската Империја. Понатаму, историјата ги бележи освојувањата на крстоносците, Османлиската и Британската Империја. Во текот на 333 г. пр.н.е Израел и околниот регион на Блискиот Исток бил освоен од страна на војската на кралот Александар Велики. На раководни позиции кралот Александар поставил свои лица во кои имаал доверба, но на освоениот регион во Блискиот Исток му дал автономија за да може поефикасно да функционира, со цел да може да

ја добие довербата од локалното население и за да докаже дека не преставува „окупатор“ туку „либерален владетел“. За време на владеењето на кралот Антиохиј IV, главниот храм во Израел бил ослободен и со ова повторно Израел ја добил својата целосна независност.
Во периодот од 63 г. пр.н.е до 313 г., Израел е под владеење на Римската Империја. Римската армија, предводена од владетелот Титус, го освојува Ерусалиум и го уништува вториот значаен храм во текот на 70-тата година. Околу 200 г. вториот главен религиски храм Санедрин бил преместен во Ципори. Поглаварот на овој храм, рабинот Јехуда Ханаси (принцот од Јуда), го составува еврејскиот усен закон наречен Мишна. Во овој период Евреите се раселуваат од својата матична земја. Во текот на 132 г. еврејскиот лидер Бар Кокхба организира вооружен бунт против римското владеење, но за кратко време бил убиен во битката на Бетхар во Јудеанските Висорамнини. Подоцна, Римјаните ја разнишуваат еврејската заедница преку преименување на Ерусалиум во Аелиа Капитолина и Јудеја во Палестина, со цел да ја уништат еврејската историја, култура, јазик и традиција, а со самото ова да го оспорат постоењето на Евреите како народ. Во овој временски период еврејската заедница се раселува главно во јужниот дел на Галилеја. Во периодот од 636 до 1099 г. Израел е под арапско владеење. Во овој период, еден од главните еврејски храмови бил срушен, а на негово место бил поставен муслимански споменик направен од карпа и изграден од страна на калифахот Абд Ел Малик. За време на Крстоносните војни во периодот 1099-1291 г., Израел е под инвазија од страна на крстоносците кои доаѓаат во регионот на Блискиот Исток и Израел и вршат маскирање на муслиманското население но, исто така, и врз христијанското население вршат грабежи, насилства и други нехумани дејствија. Во овој период еврејската заедница масовно се иселува во Европа. Во периодот од 1516-1918 г. Израел е под владеење на Османлиската Империја. За време на владеењето на султанот Сулејман Величествениот (1520-1566 г.), ѕидовите на стариот дел од градот Ерусалим биле срушени и направени во муслимански стил. Во овој период се зголемува наталитетот на еврејската заедница во Ерусалим. Во периодот на британскиот империјализам во Палестина, Евреите како народ биле предмет на масовни масакри и насилство спроведено



од арапските воени и паравоени сили од соседните арапски држави. За време на Втората светска војна, фашистичкиот режим во Германија депортирал околу 6 милиони Евреи од Израел и околните региони и направил еден од најголемите светски егзодуси познат како „Големата трагедија на Холокаустот“. Неколку години по завршувањето на Втората светска војна, во 1948 г., еврејската заедница во Израел, под лидерство на Давид Бен-Гурион, го враќа суверенитетот на нивната античка татковина. Декларацијата за независност на модерната држава Израел била објавена на денот кога последните британски сили го напуштиле Израел на 14.05.1948 година.
Евреите, преку својата дијаспора, успеваат да создадат богати економски и културни релации меѓусебно помагајќи си но, исто така, ѝ даваат силна поддршка и на својата матична земја – Израел. Преку континуирана економска и културна поддршка на еврејската дијаспора на Израел, нивната цел била да се врати сеопфатната моќ на Израел од времето на Абрахам. Затоа, и во текот на првата половина на XX век следат бројни мигрантски бранови на Евреите од Израел во арапските земји и во Европа. Неколку дена по декларацијата за независност објавена на 14.05.1948 г., армиите на следниве





пет арапски земји: Египет, Сирија, Јордан, Либан и Ирак извршиле инвазија на Израел.
Во првата фаза од војната (29.11.1947 до 01.04.1948г.), Израел води „ограничена војна“ со наведените противници која се сведува на погранични инциденти организирани од паравоени или полувоени формации на нејзините противници. Пограничните напади биле главно насочени кон израелските воени сили.
Втората фаза од војната е од 1.04-15.05.1948 година. Противничките сили во овој период од 6 недели добро се подготвени, особено кога дознаваат дека британските сили трајно се повлекуваат од Израел. После 15.05.1948 г. противничките

Во текот на 2000 г. се случуваат уште покрвави конфликти помеѓу двете земји, претходно инспирирани од нерешените состојби во минатото. Нешто повеќе од една декада после крвавите конфликти помеѓу Израел и Палестина, во текот на 2015 година, палестинскиот претседател Махмуд Абас, јавно истакна дека Палестина не е во состојба повеќе да се придржува кон „Спогодбите од Осло“

сили успеваaат целосно да го окупираат Израел и да стигнат дури до Ерусалиум. Третата фаза од војната е од 15.05 до 19.07.1948 г. и преставува најкритична фаза кога достигната линија на кулминација, петте обединети арапски земји успеваат да ја држат контролата над израелската територија. Од 01.06.1948 г. Израелските одбранбени сили познати под името „Хаганах“ успеваат полека да се консолидираат и да ги блокираат нападите од противничките сили. Кон крајот на месец јуни 1948 г., израелските воени сили успеваат да ја стабилизираат војната, а во одредени моменти на почетокот на месец јули 1948 г. покажуваат и зголемена иницијатива, продор кон противничките сили, дури и изведување на успешни локални офанзивни операции. Четвртата фаза започнува од 19.07.1948 г. до 20.07.1949 година. И оваа фаза од војната која трае 1 година се карактеризира со тоа што Израел во континуитет ја зголемува својата офанзивна иницијатива. Овде ќе ги напоменеме следниве исклучително важни воени операции: Операцијата „Јоав“ во текот на октомври 1948 г., со која дел од териториите на Израел се ослободени од противничките сили. Воената операција „Хирам“ кон крајот на октомври 1948 г. резултира со заробување на дел од клучните воени лидери на противничките сили. Операцијата „Хорев“ (Horev) се одвива во текот на декември 1948 г. и операцијата „Увда“ во март 1949 г., се двете најважни воени операции со кои Израел успева повторно да се избори за својата слобода и независност и во рамките на ООН да ги оствари



своите права за државност. Војната за независнот на Израел резултира со над 6000 убиени Израелци и околу 15 000 ранети. Војната во целост опфаќа 39 воени операции кои се одвиваат од границите со Либан до Синајскиот Полуостров.
Израелско-палестинските конфликти датираат од XIX век па наваму. Примарно, овие конфликти се одвиваат поради територијални спорови помеѓу двете земји. После Арапско-израелската војна од 1948 г., целата спорна територија е поделена на три дела: Држава Израел, Западен брег на реката Јордан и Појасот Газа. Последователните војни резултираат со помали територијални промени, сè до војната Јом Кипур во октомври 1973 г., кога Египет и Сирија започнаат изненадувачки напад врз Израел заради израелската окупација на полуостровот Синај и Голанските Висорамнини. Конфликтот завршува со мировен договор помеѓу Израел и Египет преку таканаречената „Спогодбата во Дејвид Камп" од 1979 година. Оваа спогодба е потпишана од страна на американскиот претседател Џими Картер, од египетскиот претседател Анвар Садат и од израелскиот премиер Менахем Бегин во септември 1978 година.
Во својата основа овој договор претставува основна мировна рамка за историскиот мириовен договор скклучен помеѓу Египет и Израел во текот на март 1979 година. Почнувајќи уште од Женевската конференција во 1973 г. преку резолуцијата на Советот за безбедност на ООН број 338, уште тогаш се водат силни напори за завршување на Арапско-израелските војни. Американскиот претседател Џими Картер и неговиот државен секретар Сајрус Венс одиграа мошне важна историска улога за завршување на арапско-израелските конфликти од минатиот век.
Откако конфликтите помеѓу Израел и дел од арапските земји завршија преку потпишување на историските мировни договори со посредство на една од најмоќните држави во светот, започна напливот на насилство на Палестинците преку бунтовнички операции. Првите посериозни бунтовнички операции се случуваат во текот на 1987 г., претставени како таканаречено востание против израелските бунтовници. Во Палестинското востание учество земаа над 100 000 Палестинци кои живееле на Западниот Брег и Појасот Газа. Оваа востание завршува со спогодбите во Осло во текот 1993 година. Со мировниот договор се поставува основната рамка на самоуправување на палестинската



власт и претставува начин како да се обноват и да се одржуваат меѓусебните односи со владата на Израел. Спогодбите во Осло од 1993 г. преставуваат сет од мировни преговори и договори помеѓу Израел и Палестина. Мировните договори се потпишуваат дел во Вашингтон, а дел во Египет во текот на 1995 г.. „Спогодбите во Осло" преставуваат мировен процес, со цел да се одржат и да се имплементираат барањата и одредбите предвидени со резолуциите број 242 и 338 на Советот за безбедност на ООН. Најважните прашања се однесуваат на границите помеѓу Израел и Палестина, на израелските антички населби, на статусот на Ерусалим, на воеността присуство на граничните облати помеѓу двете земји и на други меѓусебни спорни теми.
Во текот на 2000 г. се случуваат уште покрвави конфликти помеѓу двете земји, претходно инспирирани од нерешените состојби во минатото. Нешто повеќе од една декада после крвавите конфликти помеѓу Израел и Палестина, во текот на 2015 г., палестинскиот претседател Махмуд Абас јавно истакна дека Палестина не е во состојба повеќе да се придржува кон „Спогодбите од Осло". Во текот на 2013 г., САД се обидува да воспостави мировен процес помеѓу двете земји во Западниот Брег. Мировните преговори беа нарушени, кога „Фатах", една од водечките палестински партии формираат обединета Влада со ривалните фракции како „Хамас" во 2014 година. Процесот на смирување на односите помеѓу двете држави се подобрува во текот на октомври 2017 г. преку потпишување на два дополнителни мировни протоколи. Администрацијата на американскиот претседател Доналд Трамп во првата година од неговиот мандат значително ги подобри односите помеѓу Израел и Палестина. Но, со одлуката на Трамп за релокација на американската амбасада во Ерусалим како долгорочна политичка одлука на САД, беше прифатена со огромен аплауз од страна на израелските лидери но, од друга страна, како разочарување од страна на палестинските и други лидери од Блискиот Исток. Во текот на јуни 2014 г. се зголемува интензитетот на конфликти помеѓу израелската војска и Хамас. Во текот на континуираниот конфликт, Хамас истрелува околу три илјади воени ракети кон Израел, додека, пак, Израел возвраќа со големи офанзивни воени операции на појасот Газа. Конфликтот завршува кон крајот на месец август 2014 г. со договор за прекин на огнот во кој посредува Египет. Во овој тримесечен конфликт загинуваат 73 Израелци и над 2250 Палестинци.
Палестинците од Појасот Газа од 30.03 до 15.05.2018 г. организирале неделни демонстрации на граничниот појас Газа помеѓу Палестина и Израел. Последните протести биле во чест на 70- годишнината од палестинскиот егзодус за време на израелската независност од 1948 г., како и по повод релокација на американската амбасада во Ерусалим. Додека повеќето од протестите биле мирни, овие во текот на месец мај 2018 г. го нарушиле безбедосниот периметар на жичената ограда преку фрлање камења и други тврди објекти кон изралеските воени сили. Во овие немири и протести според пресметките на ООН, 183 демонстранти биле убиени и над 6000 биле ранети преку употреба на боева муниција од страна на израелските воени сили. Кон крајот на мај 2018 г., избива конфликт помеѓу „Хамас" и израелските воени сили, кој преставува еден од полошите конфликти после конфликтот помеѓу нив во текот на 2014 година. Пред да се постигне договор за прекин на огнот помеѓу двете страни, парамилитантните групи од појасот Газа испукале над стотина боеви ракети кон Израел, а Израел реагирал со напади на повеќе од педесет стратешки цели во Газа за време од 24 часа. Постои сериозна загриженост кај САД затоа што кои Израел преставува стратешки сојузник од минатото но, од друга страна, за САД е повеќе од јасно дека нивните односи со Палестина, исто така се мошне важни и треба да бидат на одлично ниво, затоа што, во спротивно, континуираните конфликти помеѓу Израел и Палестина повеќе од сигурно може да ја нарушат регионалната безбедност на Блискиот Исток и пошироко.

д-р Андреј Илиев



# Како да се справиме со анаксиозноста за време на пандемијата

Најтешкиот дел од оваа пандемија можеби е неизвесноста со која сите се соочуваме. Неизвесноста околку прашањето колку е заразен и смртоносен вирусот COVID-19. Неизвесноста околу нашите планови поврзани со патувања. Неизвесност за економијата. Неизвесност за нашите работни места. А, неизвесноста ги разгорува активните пожари што се активни кај повеќето од нас, ги активира центрите за страв во нашите мозоци. Информацијата за тоа како функционира овој процес, може да ни помогне да преземеме соодветни мерки и да развиеме подобра ментална хигиена

Judson Brewer, вонреден професор на Школата за јавно здравство на Универзитетот „Браун“, раскажува како за време на неговиот наставен час на 10 март 2020 година, забележал дека лицата на неговите студенти на дипломски и постдипломски студии делуват необично. Тој однапред го знае и одговорот на неговото вообичаено прашање „како сте?“ За малку увод во ситуацијата потребно е да се знае дека само неколку дена пред 10 март универзитетите „Харвард“ и „Принстон“ веќе имат објавено дека се затвораат како одговор и мерка на претпазливост во однос на пандемијата COVID-19. Неговата сопруга, пак, исто така универзитетска професорка, уште претходната вечер му кажува дека нејзините студенти веќе се известени дека имаат само една недела да се спакуват и да ги напуштат студентските домови.
Неговите студенти на „Браун“, сè уште, дури и на 10 март, чекаат да добијат е-пошта од Кристина Паксон, претседател на Универзитетот. Според јавните шпекулации, дека „Браун“ може да се затвори до крајот на семестарот, се очекува објавата да стигне рано наутро. Но, ситуацијата е таква што во 9 часот наутро тие седат во семинарската просторија без пристап до телефони или компјутери. Иако нивните уреди се исклучени, истите ги „чешкаат“ по џебовите. А, професорската политика „без технологија“ на настава ги блокира да добијат витални информации. Студентите цело време размислуваат дали е-поштата е веќе испратена? Која е содржината на пораката? Нивните спуштени раменици сугерираат дека не се расположени за дебата. Па, се разбира дека треба да знаат што ќе им се случи во текот на денот. Очекуваната е-пошта ќе влијае на нивните животи, особено на студентите од повисоките години на студии. Затоа и некои од нив

се обидуваат да ги задржат солзите и да останат смирени. Нивната „последна пролет на факултетот“ е предодредена да биде запишана како најзапаметена, само  не на добар начин. Најтешкиот дел од оваа пандемија можеби е неизвесноста со која сите се соочуваме. Неизвесноста околку прашањето колку е заразен и смртоносен вирусот COVID-19. Неизвесноста околу нашите планови поврзани со патувања. Неизвесност за економијата. Неизвесност за нашите работни места. А, неизвесноста може да се спореди и со самиот вирус, кој само ги разгорува активните пожари што се активни кај повеќето од нас. Ова е така бидејќи неизвесноста ги активира центрите за страв во нашите мозоци, а информацијата како функционира овој процес, може многу да ни помогне да преземеме соодветни контрамерки и да развиеме подобра ментална хигиена. Притоа, најбитно е да се разбере дека стравот е основен човечки механизам. Тој ни помага да преживееме.
Кога нешто нè плаши, се учиме да практикуваме однесувања што ќе ни помогнат да ја избегнеме таа опасност во иднина. Кога успешно ја избегнуваме опасноста се чувствуваме наградени. Овој ментален процес од три чекори е наследен од нашите антички предци: го гледаш тигарот со  сабја-заби (активира/тригер), бегаш (однесување), живееме за да им кажеме на нашите деца да го избегнуваат тој дел од саваната (награда).
Иако стравот ни помага да преживееме, постоењето на неизвесност може негативно да влијае на нашето ментално здравје: вознемиреност. Кога вознемиреноста се шири преку социјална зараза, дефинирана како ширење на влијанието од една до друга личност – може да доведе до




Најважно е да се разбере дека стравот е основен човечки механизам. Тој ни помага да преживееме. Кога нешто нè плаши, се учиме да практикуваме однесувања што ќе ни помогнат да ја избегнеме таа опасност во иднина. Кога успешно ја избегнуваме опасноста, се чувствуваме наградени

нешто уште попроблематично: паника. Исто како да одиме на забава и одеднаш да се почувствуваме како да сме во „ расположение за дружење/ социјализирање “.
 Стравот и вознемиреноста се две емоции кои лесно се шират од една до друга личност. Уште полошо е што благодарение на социјалните медиуми не мора ни да имаме физички контакт со луѓето за да фатиме „емоционална инфекција“. Затоа, иако многу луѓе на социјалните медиуми имаат добри намери и само споделуваат корисни информации за вирусот со масите/ пријателите, штом известуваат за недостигот на артикли во продавниците и шпекулираат за тоа колку лоши работи може да се случат, можеби ненамерно го прават спротивното. Постојаното читање на најновите вести на нашиот телефон е како прошетка покрај  луѓе кои киваат од страв. Колку повеќе ќе прочитаме, толку повеќе ќе ја преземеме нивната грижа и стравови и истите ќе ги рашириме. Проблемот е што овие емоции нè спречуваат да размислуваме правилно. Па, кога ќе претераме, повеќе не нè штитат од опасности. Наместо тоа, стануваат опасност.
Постојат начини за борба против ова. Можеби најефикасен според истражувањето на д-р Judson Brewer





Знаејќи дека неизвесноста може да шири социјална зараза преку вирусен вектор на вознемиреност и спојување со некои едноставни практики на мудра совесност, може да си помогнеме да останеме ментално поврзани и да шириме смиреност наместо бактерии. Во моменти на сомнеж, да ги користиме горенаведените практики за да го смириме нашиот ум, да останеме фокусирани за да одиме чекор напред

е користењето на мудроста на умот за да се справивме со стресот, болката и болеста, односно мудра свесност (во оригинал: mindfulness).
Ситуационата настава на универзитетот „Браун" е еден случај. Во конкретниот семинар, студентите на д-р Judson Brewer ги изучуваат различните научни методи што се користат за проучување на процесот и резултатите од обуката за мудра свесност/mindfulness.
Според програмата за тој посебен ситуационен ден, има план да се истражат релативните придобивки и штети од функционалното сликање со магнетна резонанца (FMRI), како алатка за мерење на нервните корелати на мудрата свесност. Со истата се испитува дали гледањето во нечиј мозок, додека лицето медитира, е ефикасен начин за собирање точни информации и унапредување на научното поле наречено мудра свесност / mindfulness, кое сè уште не е доволно проучено. Студентите имаат задача да прочитат студии што лабораторијата на д-р Judson Brewer ги има објавено за ефектите од мудрата свесност во 2011 година. Професорот е особено заинтересиран да слушне како тие го разбират истражувањето. Но, во исто време, во таа конкретна ситуација тој треба и да им помогне да ги смират нивните анксиозности пред воопшто да сработат нешто на час. Затоа, првите петнаесет минути на тој конкретен час тие медитираат, на ист начин како што впрочем и го започнуваат секој час во текот на семестарот. Но, не е лесно да се измери како делува мудрата свесност ако се нема чувство за тоа што претставува таа. Затоа, професор Бруер ги води низ еден вид медитација наречена „посакувана љубезност " (во оригинал: loving kindness). Оваа практика е насочена кон будење и негување на нашиот својствен капацитет за посакувана љубезност и врска. Тоа е еден вид мудра свесност што во лабораторијата на професорот се проучува со години. Според нивните наоди, посакуваната љубезност ја намалува активноста во истите области на мозокот коишто се активираат/разгоруваат кога луѓето се вознемирени. Неодамна е утврдено дека дури и едноставната обука за мудра свесност / mindfulness со помош на апликации, која ги учи луѓето како да користат голем број вежби во моментов на глобалнава пандемија, значително ја намалува вознемиреноста кај здравствените работници. Утврдено е 57% намалување на клинички потврдените мерки на вознемиреност кај лекарите кои се под стрес. Овој вид обука, исто така, ја намалува и вознемиреноста кај луѓето со генерализирано нарушување и анксиозност. Констатирано е намалување на вознемиреноста од 63% во лабораториското рандомизирано контролирано испитување финансирано од Институтот за јавно здравје (во оригинал: NIH). Во овој ситуационен контекст, медитацијата со посакувана љубезност делува како совршен дезинфектант /чистач на мислите за студентите од овој случај. Професорот ги замолува присутните студенти да ги затворат очите и да вдишат длабоко. Им вели да ги замислат драгите пријатели или семејни миленици, со чувства на љубов што се појавуваат додека се замислуваат тие слики. Им вели да повторуваат тивко во себе едноставни срдечни изрази на љубезност (на пр. „Може да бидам среќен") како имагинативни сидра од брод за да се задржат во сегашниот момент. Практиката е едноставна: се замислува член на семејство, домашно милениче, некој близок и тивко им се нуди фраза на добра желба која на нас ни се чини дека е оригинална. Замислената слика ја употребуваме и ги повторуваме фразите со наше темпо за да ни помогне да останеме закотвени во сегашниов момент. Ако нашиот ум е немирен и лут, едноставно да му ја вратеме сликата на умот и да започнеме ја повторуваме фразата. После медитацијата, студентите се видливо поопуштени, но сè уште неподготвени да се вклучат во



дискусијата на денот. Со надеж дека тие се веќе малку смирени и фокусирани на проблемот, односно на темата предвидена за анализа на тој наставен ден, професорот го прекршува правилото „без технологија на час“ и дава можност студентите да ги проверат телефоните за очекуваната е-пошта од претседателот Паксон. Само поглед на нивните реакции додека гледаат во телефоните потврдува дека пораката е  пристигната. Тие едноставенои се „залепени“/фиксирани на нивните екрани.
Професорот бара еден студент да ја прочита е-поштата на глас. Универзитетот „Браун“ ќе продолжи со учење преку интернет до крајот на семестарот. Часовите за следната недела се откажани и се очекува учениците да ги испразнат своите домови во најкус можен рок. Се очекува да не се враќат во кампусот после пролетната пауза/пролетниот распуст. Иако претседателот Паксон се обидува да пренесе нота на надеж, наведувајќи дека „Браун“ работи на можноста сениорните и дипломираните студенти да се вратат во кампусот за дипломирање и годишни собири, очигледно е разочарувањето кај студентите. Следните петнаесетина минути се дискутира како да се



искористат практиките од курсот за мудра свесност што се изучуваат и се практицираат за време на програмата (свесност за дишењето, посакувана љубезност и сл.), со цел да се спречи ширењето на социјалната зараза и да се одржи здрава ментална хигиена. Професорот ги поттикнува да започнат веднаш штом ќе излезат од час.  Еве за што се разговара во конкретната ситуација на случај. Доколку некој чувствува слична вознемиреност, тој се обидува со следново:
**1) Да се стартува код**. Во медицинското училиште професорот учи како да „води код“ – кодот за реанимација на некој чие срце престанува да чука – тој научува прво да застане/паузира и да го напипа прво сојот пулс. Оваа конкретна ситуација на случај го потсетува да паузира и да дише длабоко пред да продолжи. Преземањето на „паметната пауза“ функционира така што на интернет ќе ги задржиме размислувачките делови од нашиот мозок за да можеме да помагаме, а не да спречуваме. Да земеме момент за пауза во стресни ситуации, без оглед дали тоа значи дека имаме три длабоки вдишувања или едноставно обрнуваме внимание на чувствата во делови од нашето тело што не се вознемирени (како на пример нозете или рацете), ни помага да ги зајакнеме помирните емоции. Сите, а посебно лицата кои претходно не практикувале мудра свесност, треба да се фокусираат на деловите од телото каде вообичаено се чувствува вознемиреност. Такви се градите или желудникот кои само ја зголемуваат нашата свесност за негативно чувство и честопати го влошуваат истото. Затоа, „заземјувањето/закотвувањето“ во повеќе неутрални области, може да ни помогне да останеме поврзани со себе во моментот без да предизвикаме поголема вознемиреност. Друг начин да го направиме ова е да ја фокусираме/насочиме нашата свест во надворешен предмет (на пр.  да се загледаме во дрвјата на улицата или друга природа или да ги слушаме звуците околу нас). Ова се едноставни практики со траење од десет секунди што секој може да ги направи. Да ги применуваме кога чувствуваме дека срцето почнува да се „трка“ како знак на социјално кивање, за да не киваме и да не шириме социјална зараза.
**2) Да воспоставиме контакт со нашата „смиреност“**. Меѓу многуте едноставни практики на мудра свесност, можеме да си дозволиме еден момент за да паузираме/подзастанеме и да забележиме како се чувствуваме кога сме мирни меѓу невремето предизвикано од луѓето кои не знаејќи шират социјална зараза. Кога ќе го сториме тоа, ќе забележиме дека смиреноста дава многу подобри чувства отколку вознемиреноста. Да го искористиме ова за да ги пробиеме центрите за награди на нашиот мозок. Имено, кога ќе им се даде избор, нашите мозоци ќе научат да го извршуваат дејството кое што најдобро ги наградува. Очигледно дека смиренста е подобриот избор кој го наградува нашиот мозок, а не вознемиреноста. Колку повеќе вежбаме, толку повеќе таа ќе стане наша норма наместо наш исклучок. Можеме и да погледнеме наоколу за да видеме дали нашата смиреност е заразна/пренослива. Можеби и не е толку заразна како стравот, но ако ја повторуваме, може не само да го дезинфицира нашиот мозок, туку и да го шири тој природен имунитет што доаѓа кога ќе размислиме и ќе видеме дека сите сме заедно во ова.
**3) Да ги решаваме работите постепено/една по една**. Нашите мозоци се оптоварени кога треба да се планира иднината. Во моменотов нема доволно информации како се појави оваа пандемија за да испланира патот од 6 месеци. Ако забележиме дека нашиот мозок почнува да интензивно да размислува, но како да се вртиме во круг, треба да направиме паметна пауза и да се потсетиме постепено да ги решаваме работите. Да го сработиме она што ни треба денес, а потоа да се грижиме за утре. Така, кога станува збор за информации, колку повеќе ќе добиеме ,толку подобро ќе можеме да размислите. На пример, да се земеме себеси како пример за да видиме дали сме гладни или жедни. Врз основа на нашите информации, можеме да одлучиме дали треба да јадеме или да пиеме нешто. Но, ние не можеме само да се потсетиме себеси да ги решаваме работите една по една. Доколку има потреба да останеме фокусирани, да користеме уште помала временска рамка. Да се запрашаме: Што треба да направиме во овој час? Да го решаваме денот час по час, минута во минута, па дури и момент во момент, ако тоа е она што е потребно за да останеме приземјени/закотвени во сегашниот момент.
Знаејќи дека неизвесноста може да шири социјална зараза преку вирусен вектор на вознемиреност и спојување со некои едноставни практики на мудра совесност, може да си помогнеме да останеме ментално поврзани и да шириме смиреност наместо бактерии.
Во моменти на сомнеж треба да ги користиме горенаведените практики за да го смириме нашиот ум и да останеме фокусирани за да одиме чекор напред.

м-р Билјана Поповска
*(адаптирано од: https://hbr.org/2020/03/anxiety-is-contagious-heres-how-to-contain-it)*



# Бункерот како можност да се преживее COVID-19

Додека во секое цивилизирано катче на планетава трае молскавична трка по вакцина, богатиот свет, некои два проценти од светската популација, целосно е свртен кон изнаоѓање засолниште, кое нема врска со вакцина или кој било друг вид на заштита на голиот живот. Апсурдно или не, спасот се наоѓа под земја, во која инаку секое човечко суштество завршува, но прави сè таму да стаса што е можно подоцна. Сепак, богатиот свет, речиси повеќе од половина век, токму длабоко под земјата гледа засолниште од глобални болести, катастрофи и катаклизми. Според релевантни податоци, вистинската трка за засолниште под земја започнува по познатата Кубанска криза, кога светот беше на чекор од атомска катаклизма. Благодарение на двајца совесни луѓе, Никита Хрушчов и Џон Кенеди, кризата помеѓу двете суперсили, СССР и САД, заврши без истрелан куршум. Но, независно од нејзиниот среќен исход, ширум светот, богатите и моќните ги удрија првите темели на подземните засолништа.

Малку се настаните во нашата цивилизација кои направиле толку голем пресврт во глобалното сфаќање на животот како што тоа за нецели три месеци го направи КОВИД-19. Поточно, сите последици од катаклизмичните појави од Ное до денес, се содржани во овој смртоносен вирус, и речиси и да нема сфера на човековото битисување во која не се направени или се во тек корекциите свртени кон едиствената цел – да се преживее по секоја цена

## Стравот го измислил бункерот

Пред да им се вратиме на модерните скривалишта, да sирнеме малку во подалечната историја, поточно во дострелите на модерната археологија, која речиси катадневно нè зачудува со откритија кои потврдуваат дека на иставa планета некои граделе зданија и иструменти кои за денешниов човек остануваат енигма. Тука можат да се набројат стотина подземни засолништа, градени пред повеќе од три илјади години. Во оваа прилика ќе го спомнеме супермодерниот бункер изграден пред 2.400 години во областа Бихар во Индија. Од објавените фотографии на тоа откритие може да се види фантастичноста на тие подземни засолништа, градени за повеќе илјади души, со простории за храна и за вода, со канали за вентилација. Дебелината на заштитните зидови, архитектонско решение на внатрешноста и конфорот на еден дел од бункерот, потврдуваат дека и тој е граден за заштита од нешто или некого. Инаку, ширум светот, откриени се илјадници такви засолништа, најмногу на азискиот

континент, од каде што инаку потекнува модерната цивилизација. Карактеристично за сите нив, без оглед каде се пронајдени, е секако тоа дека се градени во планински, непроодни места, од тврди материјали и со посебно заштитени влезови. За споменатиов бункер сè уште има полемики околу тоа дали е тој дело на земјани или на вонземјани. Според досегашните сознанија, преовладува мислењето дека, „индиската подземна Арка“ не е дело на „хомо сапиенс“. „Покривот на бункерот во Бихар не е дело на човек кој живеел во тоа време, на тој простор“, смета англискиот футуролог Џон Грејвс. И други негови истомисленици се на мислење дека бункерот е граден од припадници на некоја друга цивилизација, пред сè поради непостоење на современа механизација со која би можела да се изгради така хомогена подземна конструкција.



Извесно е, исто така, дека сите прастари подземни засолништа биле градени од страв од некоја „виша сила“ и дека и тогаш, како и денес, имало повластени поединци или групи, кои можеби биле и инвеститори при изградба на такви објекти. На такво нешто укажуваат дел од просториите во бункерите, издвоени од централните сместувачки капацитети и со посебни простории за храна и вода. Во некои од нив, како во оние во Палестина или во Австрија, имало посебни влезови и излези, па дури и визби и закамуфлирани „тавански простории“. Сепак, сè уште останува отворено прашањето, дали трите супер таинствени бункери во индиската покраина Бихар им биле од полза на нивните градители.

## Швајцарија пред Албанија

Недвосмислено е дека бункерите, старите и модерните, најчесто се плод на стравот од војната. Најочигледни примери за тоа се бункерите никнати ширум Европа, по Втората светска војна, а синоним за таа појава се бункерите во Албанија. Имено, по разидување со СССР и посебно по раскинување на пријателството со Кина, по наредба на врховниот господар на „Земјата на орлите“, Енвер Хоџа, таа беше посеана со бункери. Според потврдени податоци, на секој квадратен километар во Албанија, почнувајќи од 1960 година, во просек имало по 5,7 бункери. До 1983 година, во царството на Енвер Хоџа биле изградени околу 173.371 бункер, а под „клуч“ се ставени во деведесеттите години од минатиот век, веднаш по падот на режимот на брачната двојка Хоџа. Бункерите денес се туристичка атракција, а илјадници од нив се далеку од првичната намена. Служат како кафулиња, за вдомување на бездомници, за чување стока итн... Сепак, Албанија не е „најбункерската“ земја во светот. Честа да се здобие со тој епитет го има и Швајцарија, земја која никогаш не војувала, а во која денес постојат над 360.000 бункери. Се разбира, овде нема да се впуштаме во елаборација на тој апсурд, но треба да се рече дека во светот не постои земја во која нема бункери, а има и многу модерни демократии кои со закон го уредиле прашањето за подземни засолништа.

## Кај стравот нема протекции

Се разбира, пионери во „копањето модерни дупки“ беа американските милијардери, кои токму по Кубанската криза, преку ноќ ангажираа армија градежни и други стручњаци за изградба на Ноеви арки под земја. Истовремено, само надвор од јавноста и во строга тајност, такви засолништа почнале да се градат речиси во сите држави во светот или, поточно кажано, во политичките и воени врхушки. Таквите бункерски комплекси повеќе не се тајна, па така дознаваме дека од 1946 до 1974 година, такви супермодерни подземни засолништа изградиле 112 земји, а меѓу нив е вброена и некогашната Југославија. Според достапните информации, најмодерниот подземен бункер заеднички го изградиле Советскиот Сојуз и Чехословачка. Објектот е познат под името Опидум (латински „тврдина“). Се протега на површина од 30 хектари и денес се наоѓа во Република Чешка, во рамките на еден воен комплекс. Бункерот е граден 1984 година и





си дозволи подземен луксуз.
Роберт Вицино е пионер во бизнисот со подземни засолништа и во февруари годинава изјавил дека побарувачката за изградба на вакви објекти е зголемена за 700 пати. Самиот тој има изградено илјадници мали и поголеми луксузни скривници ширум светот, а повеќе од нив до скоро ги издавал на туристи. Од февруари не ги издава, туку ги продава за „дебели“ пари. Компанијата на Вицино, „Вивос“ благовремено го откупила комплексот на бункери од американската армија, дури 575, и ги преуредила во луксузни живеалишта. Во зависност од големина и комфорот, цената на бункерите се движела од 25 до 200.000 долари. Велиме се движела, бидејќи, до почетокот на мај годинава сите се продадени.
А, токму во САД, постојат десетина компании кои се специјализирани за изградба и продажба на класични подземни засолништа. Најпозната од нив е „Рајзинг С“, чиј обем на работа се зголемил за 90 проценти, по првата нуклеарна проба во Северна Кореја. Еден од менаџерите на компанијата, Гери Линч, во тоа време, во 2012 година, има изјавено дека најголема побарувачка за нивниот „производ“ имало во Јапонија. Приказната за подземните засолништа во времето на „Корона“ и пред неа е долга и преоптоварена со пикантерии, што немаат значење, како ни самите бункери, ако се има предвид познатото ветување на Исус Христос. Имено, кога учениците го запрашале кога ќе се случи крајот на овој и почетокот на новиот свет, тој одговорил. „Тоа ќе дојде како крадец во ноќта“. Со други зборови, не се знае, а кога ќе се дознае, ќе биде доцна и за селанецот во куќа од трска и кал, и за милијардерот, од каде и да е.

зафаќа површина од 7.200 квадратни метри, и е на два ката.
Интересно е тоа што сегашниот сопственик на Опидум е приватно лице, чешкиот бизнисмен Јакуб Замразил, кој почнал да го рекламира својот „рај под земја“, сакајќи да го продаде на „евентуално заинтересирани“ клиенти. Благодарение на Замразил, дознаваме дека станува збор за супермодерен комплекс, со апартмани, конгресни сали, кинодворани, базени, солариум, вински подрум, сали за операции, книжарници и, се разбира, центар за комуникација со надворешниот свет. А, за каков објект станува збор, најдобро покажуваат следните податоци. Во него, неговите неколку стотини жители можат да поминат 10 години без било каков контакт со надворшниот свет, а во случај на нуклеарна опасност, за 60 секунди можат да се симнат од луксузните апартмани во „сто проценти“ заштитениот „подрум“. Чехот, инаку, набројува уште стотина работи кои ги има неговата база, а ги немаат сличните бункери во светот, но не ја спомнува цената по која би го продал, но не треба да се биде многу паметен за да се заклучи дека се во прашање милијарди долари или евра.

## Богат си ако имаш бункер

Вирусот КОВИД-19 за неполни два месеци подземните засолништа ги стави во фокусот на богатиот свет, на поединци кои имаат пари за подземниот луксуз, кој згора на сè, може да нè заштити од секоја болештина или катастрофа. Од обврската да инвестираат во подземно засолниште ослободени се Бил Гејтс и семејствата Рокфелр, Гети, Морган, Сорос... бидејќи не си милијардер доколку, покрај останатото немаш и „подрумче“, за не дај Боже. Имено, јавна тајна е дека споменатите и стотина други богаташи поседуваат „атомски засолништа“, но има и такви што таквите објекти ги градат и им ги издаваат на авантуристи и туристи, а сега ги продаваат секому кој може да

Миле Раденковиќ

Во познатиот уметнички кварт Содермалум во Стокхолм се наоѓа бункер во кој била сместена целата информативна машинерија на „Викиликс“, легендарната компанија на уште полегендарниот Џулијан Ансанж. Токму во тој простор е направен епохален пресврт во сферата на информирањето, односно соопштување на светот на тајни, а за овој свет важни информации. Од тој бункер, во 2010 година, е емитуван видеозаписот за злоставување на цивилното население во Ирак од страна на американските војници. Од истото место се лансирани 76.900 документи за војната во Авганистан, но и стотици илјади информации од архивите на тајните служби на САД.





# Незаменлив извор на задоволство и енергија

Дрвата какао се одгледуваат повеќе од три илјади години. Луѓето биле први коишто ги употребиле зрната какао за консумација. Дрвата какао растат во тропските предели на Централна и Јужна Америка, во Мексико, во Бразил, во Костарика, во Венецуела, во Перу, а го има и во Африка и на Цејлон. Уште старите Астеки и Маи правеле пијалак од зрната какао, зачинет со ванила и цветови од некој вид бибер, кој давал сила и енергија. Вкусниот напиток наречен чоколада, кој го добивале со готвење и мелење на какаото, мешајќи го во вода со соја, ванила и чили, не служел само за заблажување, туку го користителе и за подарок, но и како валута. Користејќи ги сувите семиња што растат на какаовото дрво наречено „Theobroma cacao“ („храна на боговите“), тие создале храна со божествен вкус. Првиот комерцијален товар со какао во Европа пристигнал во Шпанија во 16 век. Од 1528 година луѓето од Европа можеле да уживаат во какаото и чоколадата, кога Дон Кортес, освен зрна какао донел и опрема за правење чоколади во Шпанија. Рецептот, кој поради недоволни залихи на какао останал во тајност со векови, го приспособувале на својот вкус, па наместо чили, Шпанците ставале шеќер и цимет. Во 1657 година еден млад Французин во Лондон ја отворил првата продавница за чоколада и топли напитоци од какао.

> Чоколадата е омилено слатко задоволство и на децата и на возрасните, а парче чоколада е незаменлив енергетски продукт и за спортистите и во следувањата на војниците

Меѓу најголемите производители на какаото денес се и Брегот на Слоновата коска и Гана, со околу 60% од светското производство. Интересен податок кој го објавија медиуми е што околу 241 000 тони какао во зрно било купено на берза во Лондон од непознат клиент. Тоа било најголема поединечна трговија со какао во последниве 14 години. Количина колку пет бродови „Титаник“. Вредноста на купеното какао била околу 658 милиони фунти. Денес какаото има солидно висока цена, а причината е во сè послабите берби заради суша, поплави и некои други природни непогоди.
Какаото има висока нутритивна вредност заради високата концентрација на железо, калиум, бакар, магнезиум, протеини, како и растителни влакна. Недостигот од железо во крвта предизвикува замор и затоа се препорачува пиење какао и чоколада во умерени количини за лицата со анемија, но и за лица кои имаат зголемена потрошувачка на енергија, како спортистите и војниците, на пример .

Чоколадна индустрија денес е мошне развиена и има голем број брендови речиси во секоја земја. Една од најстарите фабрики за чоколада која и денес е незаменлив бренд е „Милка“ на корпорацијата „Монделиз интернационал“, а потекнува од 1901 година. Името Милка е кратенка од германскиот јазик за „млеко и какао“ – Milch und Kakao. Компанијата, во 1970-те години, се споила со фа бриката „Тоблероне“ во Интерфу д, која во 1982 година, заедно со кафе производителот „Јакобс“, ја основала компанијата „Јакобс-Сишар“, а голем дел беше откупен од страна на американската „Крафт фудс“, која 2012 година се преименувале во „Монделез интернешнел“. Годишно се произведуваат околу 110.000 тони на различни видови „Милка“ чоколада. Годишно, во Европската Унија се произведуваат околу четири милиони тони чоколадо вредно 18,3 милијарди евра, а најголеми производители се Германија и Италија. На листата на водечки производители се и Британија, Белгија, Полска и Шпанија. Овие осум членки покриваат повеќе од 90 отсто од производството на чоколада во ЕУ.

Васе Митреска



# „Сметководителот од Аушвиц“

Минатиот месец пишувавме за едно судење на еден познат нацистички злосторник кој не успева да избега од лицето на правдата. И во овој број се осврнуваме на судењата кои следат по завршувањето на Втората светска војна, но ова, е многу задоцнето, дури во 2015 година, и веројатно едно од последните судења, а се однесува на процесот против Оскар Гронинг, попознат како „Сметководителот од Аушвиц“. Деведесет и четиригодишниот старец е изведен пред суд под обвинение за соучесништво во убиството на 300.000 Евреи во „Аушвиц“ во 1944 година, содавајќи контроверзии околу поентата на судењето на човек кој и онака, речиси, веќе е пред смрт.

## Историјата избледува

Седумдесет и пет години се поминати од Втората светска војна и од холокаустот во кој се убиени шест милиони Евреи. Малкумина од оние кои биле таму, како злосторници или жртви се мртви, а годините полека ја избледуваат историјата, како што сведоците го напуштаат животот. Настаните ја губат деталноста од спомените, и денес, за жал, се соочуваме со луѓе кои не само што не се добро информирани за едно од најголемите воени злосторства во историјата или располагаат со неверодостојни информации, туку постојат и оние коишто го негираат самиот Холокауст, верувајќи дека тој никогаш не се ни случил и дека е измислица на одредени структури. Токму ова е причината што Гронинг излегува од сенката во која живее 70 години. Изреволтиран од изјавите дека холокаустот не постоел, тој почнува да раскажува дека, всушност, и самиот бил таму, па дури и да дава телевизиски интервјуа, вртејќи го интересот кон самиот себе.

Документарниот филм „Сметководителот од Аушвиц“, фрла нова светлина на една од најголемите катастрофи во воената историја, со цел таа да не се заборави – холокаустот на Евреите, но, од денешна перспектива. Иако се чини дека фокусот е на судењето на 94-годишниот старец, филмот цели кон подлабока порака за одговорноста и правдата. Оскар Гронинг во логорот „Аушвиц“ бил одговорен за конфискација на вредните лични работи на Евреите кои биле убивани, па оттаму и неговиот прекар според кој е и насловен и филмот. Станува збор за екранизација која се занимава со длабоки морални прашања и која ја испитува контроверзијата околу тоа дали некој е виновен за убиство ако не застрелал или пратил во гасна комора директно некое човечко суштество, но индиректно бил вклучен со тоа што знаел што се случува и не реагирал, туку напротив, имал некаква улога којашто го помагала самиот процес на погубување. Историјата не бележи случај на војник на СС кој бил санкциониран на каков било начин, затоа што одбил да партиципира во неговите задолженија во кампот, што ја прави невистинита теоријата дека, всушност,



војниците и стражарите ги исполнувале наредбите затоа што се плашеле за своите животи.

## Правдата и простувањето

Конфискацијата на вредните работи, сепак, била една алка во процесот на конечното решение. Многумина се обиделе да ја избегнат казната по завршувањето на војната, убедувајќи ја јавноста дека не биле свесни дека кампoвите, всушност, се кампови на смртта и дека таму се прави масовен масакр, туку само извршувале изолирани наредби без да знаат дека го помагаат она коешто се случувало таму. А, дали кај обвинетиот, во овој случај, постоело знаење и свесност за тоа што навистина се случувало во Аушвиц и каде завршувале Евреите, зависи од тоа дали Гронинг бил на платформата каде пристигнувале возовите и дали неговото присуство таму може да се докаже. Гронинг ги собирал прстените, нараквиците, часовниците, парите, златните предмети и сите работи кои имале материјална вредност од Евреите кои простигнувале во логорите. Запрашан во судскиот процес дали знае зашто го правел тоа, тој одговара „Зашто не им беа повеќе потребни“, навестувајќи дека кај него постоеле сознанија за судбината што ги чекала. Но, многумина велат дека тој е сметководител, не е убиец, тој никогаш не посегнал по пиштол или пушка или одвел некого во гасните комори.

Гронинг е еден од најстарите офицери на СС кои биле судени за воени злосторства и еден од ретките којшто не лажел за својата инволвираност. Тој раскажува и за една потресна приказна од платформата кога некоја мајка се обидела да го сокрие нејзиното бебе во куфер, но бебето започнува да плаче, издавајќи ја. Војникот кој го отвора куферот, го зема нејзиното бебе и го удира силно од возот и плачот наеднаш прекинува. „Тоа не беше фино“ ќе рече Гронинг, со студен тон, кој предизвикува револт кај сите присутни во судницата, вчудоневидени од бесчувствителноста на таквото сведочење, бидејќи куршумот го посочил како „почовечна“ варијанта. „Сметководителот од Аушвиц“ не ја изостава проблематиката на простувањето за да се надмине минатото и траумата. Така, гледаме преживеани Евреи од „Аушвиц“ кои посочуваат дека Гронинг мора да плати за злоделата, а наспроти нив е една жена која е единствената преживеана



од семејството, само затоа што имала сестра близначка и била од интерес за експериментите на озлогласениот Менгеле, која јавно ја искажува нејзината прошка за убијците на нејзиното семејство, па дури и ќе сподели емотивен момент со Гронинг пред медиумите, момент кој предизвикува чувство на бес и на предавство кон останатите жртви. Во филмот е опфатено и уште едно познато судење, на стражарот со украинско потекло – Џон Демјанук, кој после долгогодишен и безгрижен живот во едно американско предградие е откриен и гонет за неговото учество во војната дури два пати. Главниот обвинител на познатите судења во Нирнберг, Бенџамин Ференц, интервјуиран во неговото живеалиште на Флорида, нема милост и сожалување за стариот Гронинг, кој тогаш како млад човек, бил свесен што правел и можел способно да донесува одлуки. Вината не е во повлекувањето на чкрапалото на пиштолот. Ако гледаме така, тогаш ниту Рудолф Хес ниту, пак, Адолф Хитлер се виновни за злосторства.

## Злосторства што не застаруваат

Филмот, и покрај мирниот и сталожен тон, оддава енергија на револт и на бес. Статистиката од исходот од судењата на нацистите издава поразителни факти. Во 1945 година имало 800.000 војници на СС, но од нив 60.000 биле обвинети за убиство. Од обвинетите, пак, само 124 осудени отслужиле казни кои без размислување можат да се наречат смешни, од само неколку години затвор, а честопати тие казни останувале и недоодслужени, бидејќи осудените биле помилувани и порано ослободувани. Поразителна статистика, споредбено со тежината на направеното злосторство, која нималку не може да донесе правда за оние кои останале секогаш во пепелта на логорите во Полска. Од 6500 чувари во Аушвиц, само 49 биле гонети на суд во Западна Германија. Малата стапка на осуденост се должи на фактот што повеќето судии и адвокати во Германија и самите биле нацисти или симпатизери на нацистите, па судењата, всушност, биле против „своите“. За некои судењата се важна порака за човештвото, за други се пречка за да се продолжи напред и болката од минатото да се остави позади. Со свои изјави и мислења, во документарниот филм се појавува и внукот на Рудолф Хес, директорот на „Аушвиц“, антифашистот Рајнер Хес, кој застанува на спротивната страна од својот дедо. Оваа битка е многу важна за жртвите, не поради исходот, туку поради фактот и примерот кој ќе се остави на цивилизацијата, дека секој ќе одговара за направени воени злосторства, порано или подоцна во животот, и дека никој нема да биде изоставен. Злосторствата против човештвото не застаруваат.

Елена Ѓорѓиевска

**Режија:** Mathew Shoychet

**Сценарио:** Ricki Gurwitz

**Земја:** Канада

**Времетраење:** 75 минути

**Година:** 2018





# Сливница –
## местото со најубавата и најромант

Сливница е село во општина Ресен, во областа Долна Преспа, во близина на источниот брег на големото Преспанско Езеро, на надморска височина од околу 900 м. Туристичката населба воодушевува со една од најубавите плажи во овој регион. Плажата е долга околу 400 м со прекрасен ситен песок и располага со повеќе од 1.000 лежалки и чадори. На самата плажа има мост од каде што се гледаат прекрасните зајдисонца. Плажата е со поглед кон островот Голем Град, кој воодушевува со својата убавина. Атарот на Сливница се простира на површина од 1037 хектари и зафаќа ридско-планинско земјиште, обраснато со даб, бука и смрека, а на повисоките места постојат помали тревнати површини (планински пасишта). Веднаш под селото се простираат цветни ливади, убаво обработени лозја, а во тесниот крајбрежен појас овошни насади и песочни плажи. На 3 километри над селото, во густ шумски предел, се наоѓа познатиот Сливнички манастир. Во атарот на Сливница постојат повеќе локалитети од археолошко значење: Крш Полена, Кула, населба од доцноантичкото време, Сливница, населба од римското време, Шуица, средновековна црква и некропола и други локаитети. Во селото има пет цркви и еден манастир.
Во Сливница има околу 50 куќи, старите се целосно обновени, а има и новоизградени, каде преовладуваат белите фасади. Најзначајна стопанска гранка, како и во поширокиот Преспански регион, е овоштарството, односно одгледувањето на јаболка, а во помали размери и огледувањето на цреши, сливи, вишни и круши. Поради поволната местоположба крај Преспанското Езеро, дел од населението се занимава и со риболов и со туризам.

Кристина Илиевска


тична плажа













